## Резултати од полагањето на екстерните предмети од државната матура
## ` (јунски испитен рок)

Првиот екстерен испит е задолжителен за сите матуранти- мајчин јазик (македонски, албански или турски) во зависност на каков јазик ја следел матурантот нставата.

| Предмети | Пријавиле | Полагале | Положиле | Постигнат успех | | | | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | |
| Македонски јазик и литература | 76 | 75 | 74 | 2 | 41 | 26 | 5 | 1 | 3.51 |

Вториот екстерен испит е изборен и матурантите во гимназиите и средните стручни училишта можеа да избираат помеѓу математика и странски јазик( англиски, германски, француски или руски), а во уметничките училишта е овозможен избор помеѓу странски јазик и естетика- за училиштата за музичко образование и помеѓу странски јазик и филозофија-за училиштата за ликовно обраование.

| Предмети | Пријавиле | Полагале | Положиле | Постигнатуспех | | | | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | |
| Англиски јазик | 65 | 64 | 56 | 9 | 17 | 21 | 9 | 8 | 3.16 |
| Математика | 11 | 11 | 11 | 8 | 2 | 1 | / | / | 4.64 |
| Вкупно | 76 | 75 | 67 | 17 | 19 | 22 | 9 | 8 | 3.9 |

# Резултати од полагањето на екстерните предмети од државната матура (августовски испитен рок)

Матурантите што не успееа да положат матура дел или во целост во јунскиот испитен рок, беше овозможено да полагаат матура во августовскиот испите рок. Од нашето училиште тоа право го искористија 7 ученици кои имаа уредно пријавено државна матура до 31.12.2023, но од одредени причини во јунскиот рок го пропушти полгањето или не положија дел од испитите. Во прилог се дадени резултатите од августовскиот испитен рок:

**Резултати од задолжтелениот дел**

| Предмети | Пријавиле | Полагале | Положиле | Постигнатуспех | | | | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | |
| Македонски јазик и литература | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

**Резултати од екстерниот дел**

| Предмети | Пријавиле | Полагале | Положиле | Постигнатуспех | | | | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | |
| Англиски јазик | 7 | 0 | 0 | | | | | | |
| Математика | 0 | 0 | 0 | | | | | | |

# Резултати од полагањето од изборниот дел на интерните испити

Интерните делови од испитите и интерните испити се спроведувуваа во термини од училишната матурска комисија на предлог на соодветните училишни предметни комисии согласно Календарот за организација на учебната година во јавните средни училишта.

Во изборниот дел матурантите полагаат 3 испити од кои 1 екстерно, а 2 интерни испити. Двата интерни испити матурантите во гимназиското образование ги избираат од листата на наставни предмети која содржи 14

предмети за гимназиско образование, седум за стручно и четири за уметничко образование. Во реформираното техничко образование(модуларно дизајнирани наставни планови и програми)изборниот дел се состои од три дела. За првиот дел ученикот избира изборен наставен предмет: математика или странски јазик. За вториот дел ученикот избира изборен предмет, од понудена листа на општообразовни наставни предмети. За третиот дел ученикот избира изборен пакет кој може да биде составен од еден или повеќе модули и еден или повеќе предмети, дадени во испитните програми за државна матура и завршен испит за секој образовен профил/квалификација. Називите на сите изборни пакети за секоја струка/сектор и образовен профил/квалификација се напишани во прилогот на Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование, истите се третираат како назив на предмет и како такви се запишуваат во педагошката евиденција и документација, односно во јавните исправи.

## Листата на испити за гиманзиското образование е следнава:

- Математика
- Странски јазик( англиски, француски германски и руски)
- Физика
- Хемија
- Биологија
- Истоија
- Географија
- Класични јазици
- Ликовна уметност
- Музичка уметност
- Филозофија
- Социологија
- Информатика
- Македонски јазик и литература(за учениците кои настават ја следат на албански или турски јазик)

## Листата на интерни испити за средно стручно образование е следнава:

- Математика
- Странскијазик(англиски, француски германски и руски)
- Физика
- Хемија
- Биологија
- Бизнис
- Историја

**ЛИСТА на изборни предмети за државна матура и завршен испит по струки/сектори и образовни профили/квалификации во реформирано техничко образование**

СТРУКА/СЕКТОР: ТЕКСТИЛНО-КОЖАРСКА / ТЕКСТИЛ, КОЖА И СЛИЧНИ ПРОИЗВОДИ

Образовен профил/квалификација:
**Техничар за изработка на облека**
- Испитна програма за државна матура и завршен испит за
Образовен профил/квалификација: Техничар за изработка на облека

1. Назив на Изборен пакет 1: КОНСТРУКЦИЈА НА ОБЛЕКА

**Назив на модул 1: Конструкција на облека**
Назив на предмет : 1. Конструкција на облека

2.Назив на изборен пакет 2: ТЕХНОЛОГИЈА НА КРОЕЊЕ И ШИЕЊЕ

**Назив на модул: Технолошки процеси на изработка на облека**
Назив на предмет: 1. Технологија на кроење
2. Технологија на шиење

**СТРУКА/СЕКТОР: ХЕМИСКО-ТЕХНОЛОШКА / ХЕМИЈА И ТЕХНОЛОГИЈА**

Образовен профил/квалификација:
**Прехранбен техничар**
- Испитна програма за државна матура и завршен испит за
Образовен профил/квалификација: Прехранбен техничар

**1. Назив на Изборен пакет 1: Анализа на храна**

***Назив на модул 1: Методи и техники за испитување на прехранбени производи***
Назив на предмет : 1. Инструментални методи

***Назив на модул 2: Анализа и контрола во прехранбената индустрија***
Назив на предмет: 1. Анализа на храна

**2.Назив на изборен пакет 2: Прехранбени технологии**

***Назив на модул: Прехранбени технологии***
Назив на предмет: 1. Технологија на храна од растително потекло
2. Технологија на храна од животинско потекло

## Резултати од полагањето на интерниот дел (јунски испитен рок)

| Предмети | Пријавиле | Полагале | Положиле | Постигнатуспех | | | | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | |
| Англиски јазик | 2 | 2 | 2 | 2 | / | / | / | / | 5.00 |
| Биологија | 11 | 11 | 11 | 8 | 3 | / | / | / | 4.73 |
| Географија | 6 | 6 | 6 | 4 | / | 2 | / | / | 4.33 |
| Информатика | 18 | 18 | 18 | 9 | 9 | / | / | / | 4.5 |
| Историја | 12 | 12 | 12 | 10 | 1 | / | 1 | / | 4.67 |
| Математика | 19 | 19 | 19 | 1 | 7 | 10 | 1 | / | 3.42 |
| Хемија | 6 | 6 | 6 | 6 | / | / | / | / | 5.00 |
| Прехранбени технологии | 5 | 4 | 4 | / | / | 3 | 1 | / | 2.75 |
| Социологија | 31 | 31 | 31 | 19 | 11 | 1 | / | / | 4.58 |
| Физика | 10 | 10 | 10 | 9 | 1 | / | / | / | 4.99 |
| Филозофија | 29 | 29 | 29 | 23 | 4 | 2 | / | / | 4.72 |
| Ликовна уметност | 2 | 2 | 2 | 2 | / | / | / | / | 5.00 |
| Латински јазик | 4 | 4 | 4 | 4 | / | / | / | / | 5.00 |

## Резултати од полагањето на интерниот дел (августовски испитен рок)

| Предмети | Пријавиле | Полагале | Положиле | Постигнатуспех | | | | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

# У Ч И Л И Ш Н А  М А Т У Р А

Училишната матура е наменета за учениците од гимназиското образование кои не се определиле за државна матура. Целта на овој испит е добивање сертификат за завршено гимназиско образование.

Училишната матура се полага според посебни испитни програми кои се темелат на целите на наставните програми за соодветни наставни предмети кои се вклучени во листата за училишна матура. Испитните програми за училишна матура се направени на пониско(базично) ниво во споредба со испитните програми за државна матура.

Училишната матура се состои од: задолжителен дел, изборен дел и проектна задача.

- Задолжителниот дел се состои од еден наставен предмет и тоа: македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература во зависнот од јазикот на која е следена наставата.
- Изборниот дел се состои од еден општообразовен предмет кој ученикот го избира од понудената листа на наставни предмети.
- Проектната задача е проучување на проблем кој ученикот го избира од некој(некои) од наставните предмети или пошироко од образовните области.

Во нашето училиште во учебната 2023/2024 година за полагање на училишна матура во јунскиот испитен рок се пријавија 3 ученици од кои 2 редовни и еден вонреден ученик.

Резултати од задолжителниот дел:

| **Предмети** | **Пријавиле** | **Полагале** | **Положиле** | **Постигнатуспех** | | | | | **Среден успех** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **5** | **4** | **3** | **2** | **1** | |
| Македонски јазик и литература | 3 | 2 | 2 | | | 2 | | | 3.00 |

Резултати од изборниот дел:

| **Предмети** | **Пријавиле** | **Полагале** | **Положиле** | **Постигнатуспех** | | | | | **Среден успех** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **5** | **4** | **3** | **2** | **1** | |
| Француски јазик | 1 | 0 | 0 | | | | | | |
| Географија | 2 | 2 | 2 | | | 2 | | | 3.00 |
| Вкупно | 3 | 2 | 3 | | | 3 | | | 3.00 |

Матурантите што не го положија училишна матура, дел или во целост во јунскиот испитен рок им беше овозможено да полагаат во августовскиот испитен рок. Од нашето училиште тоа право го искористја 2 ученика, од кој 1 вонреден учник и 1 редовен ученик.

Резултати од задолжителниот дел:

| Предмети | Пријавиле | Полагале | Положиле | Постигнатуспех | | | | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | |
| Македонски јазик и литература | 2 | 2 | | | | | | | |

Резултати од изборниот дел:

| Предмети | Пријавиле | Полагале | Положиле | Постигнатуспех | | | | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | |
| Француски јазик | 1 | 1 | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | |

## *З А В Р Ш Е Н   И С П И Т*

Овој испит е наменет за учениците од средно стручно образование кои нема да полагаат државна матура. Целта на овој испит е добивање на сертификат за завршено четиригодишно средно стручно образование.

Завршниот испит се полага според посебни испитни програми кои се темелат на целите на наставните програми за соодвените наставни предмети.

Завршниот испит опфаќа: задолжителен дел, изборен дел и проектна задача.

- Задолжителниот дел се состоиод еден наставен предмет и тоа: македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература.
- Изборниот дел се состои од еден стручен наставен предмет, кој ученикот го избира од понудената листа на наставни предмети.
- Проектната задача е проучување на проблем кој ученикот го избираод некој(некои)од наставните предемти или пошироко од образовните области.

Во учебната 2023/2024 година во нашето училиште во јунскиот испитен рок завршен испит полагаа 6 ученици  од кои 2 вонредни ученици, а 4 редовни ученици.

Резултати од задолжителниот дел:

| Предмети | Пријавиле | Полагале | Положиле | Постигнатуспех | | | | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | |
| Македонски јазик и литература | 6 | 6 | 6 | / | / | 4 | 2 | / | 2.67 |

Резултати од изборниот дел:

| Предмети | Пријавиле | Полагале | Положиле | Постигнатуспех | | | | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | |
| Технолошки процес на изработка на облека | 3 | 3 | 3 | 2 | 1 | / | / | / | 4.67 |
| Прехранбени технологии | 2 | 2 | 2 | / | / | 2 | / | / | 3.00 |
| Прехранбена технологија(стара програма) | 1 | 1 | 1 | / | / | / | 1 | / | 2.00 |
| Вкупно | 6 | 6 | 6 | 2 | 1 | 2 | 1 | / | 3.22 |

Матурантите што не го положија завршниот испит, дел или во целост во јунскиот испитен рок им беше овозможено да полагаат во августовскиот испитен рок. Од нашето училиште тоа право го искористи 1 ученик.

## Резултати од задолжителниот дел (августовски рок)

| Предмети | Пријавиле | Полагале | Положиле | Постигнатуспех | | | | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | |
| Македонски јазик и литература | 1 | 1 | | | | | | | |

## Резултати од изборниот дел (августовски рок)

| Предмети | Пријавиле | Полагале | Положиле | Постигнатуспех | | | | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | |
| Прехранбени технологии | | | | | | | | | |

# *П Р О Е К Т Н А   З А Д А Ч А*

Проектната задача е составен дел од државната матура, училишната матура и завршниот испит.

Проектната задача како составен дел од државната и училишната матура претставува проучување на проблем што ученикот го избира од некој(некои) од наставните предмети или пошироко од образовни области.

Проектната задача како составен дел од завршниот испит, служи за проверка на практичната оспособеност на ученикот за вршење на работи од областа на струката.

Проектната задача има за цел да ја провери оспособеноста на учениците за :

- Самостојно планирање, проучување и истражување на одделни прблеми;
- Самостојно користење на извори на информации и информатичка технологија;
- Планирање и изведување на експирименти
- Презентирање на добиените сознанија од проучувањето

Нашите ученици од СОУ„Методи Митевски Брицо“ избраа доста интересни теми од различни наставни предмети и ги потигнаа следниве резултати:

## Резултати од проектната задача(јунски испитен рок)

| Предмети | Пријавиле | Полагале | Положиле | Постигнатуспех | | | | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | |
| Македонки јазик и литература | 1 | 1 | 1 | | 1 | | | | 4.00 |
| Англиски јазк | 8 | 8 | 8 | 8 | | | | | 5.00 |
| Бизнис и претприемништво | 7 | 7 | 7 | 7 | | | | | 5.00 |
| Вовед во право | 3 | 3 | 3 | 3 | | | | | 5.00 |
| Биологија | 6 | 6 | 6 | 6 | | | | | 5.00 |
| Математика | 6 | 6 | 6 | 6 | | | | | 5.00 |
| Хемија | 3 | 3 | 3 | 3 | | | | | 5.00 |
| Информатика | 9 | 9 | 9 | 9 | | | | | 5.00 |
| Историја | 7 | 7 | 7 | 7 | | | | | 5.00 |
| Дизајн на облека | 3 | 3 | 3 | 2 | 1 | | | | 4.67 |
| Латински јазик | 4 | 4 | 4 | 4 | | | | | 5.00 |
| Анализа на храна | 6 | 6 | 6 | 6 | | | | | 5.00 |
| Социологија | 12 | 12 | 12 | 12 | | | | | 5.00 |
| Физика | 4 | 4 | 4 | 4 | | | | | 5.00 |
| Филозофија | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | | 5.00 |
| Спорт и спортски активности | 3 | 3 | 3 | 1 | 2 | | | | 4.33 |

## Резултати од проектната задача (августовски испитен рок)

| Предмети | Пријавиле | Полагале | Положиле | Постигнатуспех | | | | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | |
| Анализа на млеко и производи од млеко | 1 | | | | 1 | | | | |

Презентацијата и одбраната на проектната задача од гимназиско и средно стручно образование се реализираше во периодот од 1 април до 15 мај 2023 година во јунски испитен рок и од 19 август до 26 август во августовскиот испитен рок.

## *З А К Л У Ч О К И   П Р Е П О Р А К И*

Оваа учебна година државната матура наместо во училници се полагаше во големи простории во училиштата –холовите, училишните спортски сали или во друга голема училишна просторија во која има услови за полагање. Сите сегменти од државната матура почнувајќи од подготовките на испитниот материјал, дистрибуцијата на материјалот, тестирањето, оценувањето и спроведувањето на приговорите беа согласно воспоставените процедури.

Изготвил
Марија Велкова

# УПИС НА УЧЕНИЦИ ВО ПРВА ГОДИНА ЗА УЧЕБНАТА 2024-2025 ГОДИНА

Во текот на учебната 2023-2024 година поради постојано намалување на бројот на ученици предизвикано со постојаното иселување на населението во странство и запишувањето на учениците во другите училишта во државата училиштето имаше интензивни подготовки околу креирање на сопствена уписна политика и привлекување што поголем број на ученици .Оваа учебна година презентацијата на училиштете се одвиваше од април до јуни 2024 година и реализација на Отворен ден за сите ученици од 9 одделение на ден 01.06 2024 година со цел да се запознаат со планот и програмата и активностите кои се реализираат во училиштето и за промоција на училиштето за упис на ученици во прва година за учебната 2024/2025 година како и на web страната на нашето училиште и на страната на Facebook.

Останатите подготовки кои се однесуваа на навремено објавување на податоците и формирање на училишна комисија исто така непречено се реализираа.

Врз основа на објавениот оглас во Јуни беа реализирани двата уписни рока за упис на ученици за учебната 2023-2024 и во месец Август за учениците кои се упатени на поправен и друг вид на испити.

Запишувањето во средно училште е електронски, брзо и едноставно во 4 чекори со on line апликација каде учениците можат да ги пополнат потребните податоци, да ги прикачат документите за упис и да аплицираат.

## П Р Е Г Л Е Д за уписот на ученици во прва година за учебната 2024/2025 година

| Вид на образование | Според конкурсот | | Пријавени | | | Запишани | | | | Слободни места | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број на паралелки | Број на ученици | Јуни прво пријавување | Јуни второ пријавување | Јуни Трето пријавување | Јуни прво пријавување | Јуни второ пријавување | Јуни трето пријавување | Вкупно запишани | Јуни прво пријавување | Јуни второ пријавување | јуни трето пријавување |
| Гимназиско образование- Вкупно | 3 | 52 | 49 | 3 | | | | | 52 | | | |
| Приро-матем.подрачје А | | | 15 | 3 | | | | | 18 | | | |
| Приро-матем.подрачје Б | | | | | | | | | | | | |
| Општ.хуманистичк подрачје А | | | 28 | | | | | | 28 | | | |
| Општ.хуманистичк подрачје Б | | | 6 | | | | | | 6 | | | |
| Јазично-уметничко подрачје А | | | | | | | | | | | | |
| Јазично-уметничко подрачје Б | | | | | | | | | | | | |
| Текстилна струка техничар за изработка на облека \|v степен | 1 | 5 | 5 | | | | | | 5 | | | |
| Текстилна струка техничар за моделирање на облека | | | | | | | | | | | | |
| Хемиско технолошка струка Прехранбен техничар | 1 | 9 | 6 | 3 | | | | | 9 | | | |
| Вкупно | 5 | 66 | 60 | 6 | | | | | 66 | | | |

.

# ИЗВЕДЕНИ УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ

**Цели**

- Стекнување на нови знаења, или проширување на стекнатите знаења за изгледот,природните и историски богатства и убавините на нашата таковина и пошироко;
- стекнување навики за градење на правилен однос кон културното и историското наследство и негово негување и зачувување;
- изградување и негување на патриотските чувства;
- развивање на еколошка свест;
- стекнување навики за дружење и правилно поминување на слободното време со своите врсници;

## ИЗВЕШТАЈ ОД РЕАЛИЗИРАНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ТРЕТА ГОДИНА 2023/2024 УЧЕБНА ГОДИНА

**(ДЕЛЧЕВО-МИЛАНО-ПОРТОФИНО-ПИЗА-МОНТЕКАТИНИ-ФИРЕНЦА-РИМ-ВЕНЕЦИЈА-ДЕЛЧЕВО)**

**1 ден: Делчево-Милано**
Тргнување од Делчево во 13 часот. Возење кон Милано, со попатни паузи и царински формалности преку Србија, Хрватска,Словенија и Италија.
**2 ден : Милано**
Пристигнување во Милано во попладневните часови поради поголеми гужви на Хрватската граница, разгледување на градот со посета на централниот плоштад, замокот и тврдината Сфорценко, зградата на Миланската опера, Миланската скала, катедралата Дуомо. Вечера во ресторант, сместување во хотел, и ноќевање.

**3 ден: Милано – Портофино – Пиза -Монтекатини**
Утрото по појадокот заминавме кон Портофино. Пристигнувањето во Портофино беше со возење со брод. Портофино е колоритно крајбрежно градче кое во текот на средниот век преставувало главно пристаниште на ѓеновјанската трговска флота. Низ историјата е посетено од многу славни личности, кралеви, научници, филмски и естрадни ѕвезди и едно од најлуксузните светски летувалишта познато уште од крајот на XIX век. Слободно време за индивидуална прошетка и активности. Од таму патувањето го продолживме кон Писа. По пристигнувањето го разгледавме градот при што ги посетивме: „Поле на чудата“: Крстилницата што Данте ја нарече „Мојот прекрасен Свети Јован“, катедралата изградена во прекрасен фирентински стил и Кривата кула, еден од најомилените симболи на Италија. Слободно време. Продолживме кон Монтекатини каде што се сместивме во хотел. Вечеравме и сите заедно го посетивме најомилениот луна парк во градот каде се забавувавме и групна прошетка низ градот. Ноќевање.

**4 ден*:* Монтекатини – Фиренца – Рим**
Утрото по појадокот заминавме кон Фиренца. По пристигнувањето следуваше разглед на градот, градот во кој живееле и работеле Леонардо, Микеланџело, Донатело, Макијавели, Данте, Бокачо: катедралата Санта Марија дел Фиоре, Крстителот Јован Крстител, плоштадот Сињори, галеријата Уфици, мостот Векио на реката Арно...Слободно време за индивидуални активности. По слободното време заминавме кон Рим. Вечера во ресторант, а потоа се упативме и се сместивме во хотел. Ноќевање.

**5 ден: Рим – Венеција**
Појадок. По појадокот целодневен престој и посета на вечниот град со разглед на најзначајните

знаменитости: Ватикан, Плоштадот св.Петар, Базиликата Св.Петар, Тврдината Св.Анџело, Плоштадот Навона, Пантеон, Фонтата Ди Треви, Шпанскиот плоштад, Плоштадот Венеција, Римските форуми, Колосеум. Слободно време за индивидуална прошетка во Рим. Во вечерните часови, заминавме кон Венеција.Ноќно возење кон Венеција.

***6* ден -** Венеција – Делчево

Пристигнавме во Венеција во раните утрински часови. Го посетивме и разгледавме градот и тоа: Шеталиштето на робовите, Црквата Санта Мариа де ла Пиета, Дуждевата палата, Мостот на воздишките, Стариот затвор, Плоштадот Сан Марко, Кампанилот, Базиликата Св.Марко, Прокурациите, Астрономскиот часовник, Мостот Риалто.Слободни активности до 14 часот и заминување од Венеција. Потоа имавме посета на аутлет и слободно време од 2 часа за шопинг.На крај се упативме кон Македонија. Пристигнување во Делчево следниот ден околу 11 часот.
За време на изведување на заршната екскурзија се што беше предвидено беше и реализирано.

Од почетокот до крајот на реализирањето на ескурзијата имавме водич и лекар од агенцијата кои беа со нас постојано. Имаше посебни водичи при разгледувањето на Ватикан каде учениците кои сакаа да го посетат Ватикан беа поделени во четири групи со одговорен професор и одговорен водич со групата. Агенцијата RAPSODY на сите учесници во самата екскурзија и подари ваучер по 50 евра кој што може да биде искористен до 31.08.2024 година.

Координатор на екскурзијата
Даниела Мијалчова

Директор
Дијана Цонева

# НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

Учениците од СОУ ,,М.М.Брицо", Делчево успешно ја продолжуваат традицијата да учествуваат на општински, регионални, републички натпревари, а во поново време и на меѓународни натпревари. Натпреварувањата на нашите ученици ги сметаме како престиж во училиштето и можност нашите ученици да ги одмерат своите способности со ученици од другите училишта во Републиката па и пошироко. Натпреварувањето на нашето училиште го потикнуваме и стимулираме со доделување на награди и за учениците и за менторите.

Оваа учебна година учениците учествувале во следниве натпревари и добиени се следните награди:

**Биологија: ментор: Марина Синадиновски**

| Тип на натпревар | Освоено место | Име на ученик | Година на образование |
|---|---|---|---|
| општински | I награда | Лука Стоименовски | II година |
| општински | I награда | Милена Ангелова | I година |
| општински | II награда | Дамјан Маневски | IV година |
| општински | II награда | Даме Ивановски | IIгодина |
| општински | III награда | Искра Георгиевска | I година |
| општински | III награда | Вања Ѓеоргиевска | II година |
| општински | III награда | Ева Ивановска | III година |
| општински | III награда | Сара Петровска | IIгодина |
| општински | III награда | Андреа Димитровска | III година |
| општински | III награда | Теона Атанасовска | II година |
| општински | III награда | Марија Салтировска | II година |
| општински | пофалница | Ана Мавродиева | II година |
| регионален | I награда | Лука Стоименовски | II година |
| регионален | II награда | Милена Ангелова | I година |
| регионален | II награда | Дамјан Маневски | IV година |
| регионален | II награда | Даме Ивановски | II година |
| регионален | III награда | Искра Георгиевска | I година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| регионален | II награда | Вања Ѓеоргиевска | II година |
| регионален | I награда | Ева Ивановска | III година |
| регионален | III награда | Сара Петровска | II година |
| регионален | III награда | Андреа Димитровска | III година |
| регионален | пофалница | Теона Атанасовска | II година |
| регионален | / | Марија Салтировска | II година |
| регионален | / | Ана Мавродива | II година |
| државен | I награда | Лука Стоименовски | II година |
| државен | I награда | Милена Ангелова | I година |
| државен | II награда | Дамјан Маневски | година |
| државен | II награда | Даме Ивановски | II година |
| државен | II награда | Искра Георгиевска | I година |
| државен | III награда | Вања Ѓеоргиевска | II година |
| државен | II награда | Ева Ивановска | III година |
| државн | пофалница | Сара Петровска | II година |
| државен | пофалница | Андреа Димитровска | III година |
| државен | / | Теона Атанасовска | II година |
| државен | / | Марија Салтировска | II година |
| државен | / | Ана Мавродиева | II година |

**Физика ментор: Јасминка Величковска**

| Тип на натпревар | Освоено место | Име на ученик | Година на образование |
|---|---|---|---|
| општински | I награда | Ева Ивановска | III година |
| општински | I награда | Ева Стоименовска | I година |
| општински | III награда | Моника Попова | I година |
| општински | III награда | Анастасија Петровска | I година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| општински | I награда | Софија Ангелова | III година |
| општински | I награда | Андреа Димитровска | III година |
| општински | I награда | Марија Стојменовска | III година |
| регионален | пофалница | Ева Ивановска | III година |
| регионален | учество | Ева Стоименова | Iгодина |
| регионален | учество | Моника Попова | I година |
| регионален | учество | Анастасија Петровска | I година |
| регионален | учество | Софија Ангелова | III година |
| регионален | учество | Андреа Димитровска | III година |
| регионален | учество | Марија Стоименовска | III година |
| државен | учество | Ева Ивановска | III година |
| државен | / | Ева Стоименова | I година |
| државен | / | Моника Попова | I година |
| државен | / | Анастасија Петровска | I година |
| државен | / | Софија Ангелова | III година |
| државен | / | Андреа Димитровска | III година |
| државен | / | Марија Стоименовска | III година |

**Физика:ментор Роберт Цветковски**

| Тип на натпревар | Освоено место | Име на ученик | Година на образование |
|---|---|---|---|
| општински | I награда | Филип Петровски | IVгодина |
| општински | I награда | Марија Салтирова | II година |
| општински | I награда | Лука Стоименовски | II година |
| општински | II награда | Ива Цонева | II година |
| општински | II награда | Анастасија Ќурчиска | II година |
| општински | III награда | Сара Ангелова | II година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| општински | II награда | Јана Попова | II година |
| општински | II награда | Ана Мавродиева | II година |
| општински | III награда | Мила Сугарева | II година |
| регионален | учество | Филип Петровски | IV година |
| регионален | учество | Марија Салтирова | II година |
| регионален | учество | Лука Стоименовски | II година |
| регионален | учество | Ива Цонева | II година |
| регионален | учество | Анастасија Ќурчиска | II година |
| регионален | учество | Сара Ангелова | II година |
| регионален | учество | Јана Попова | II година |
| регионален | учество | Ана Мавродиева | II година |
| регионален | учество | Мила Сугарева | II година |
| државен | учество | Филип Петровски | IV година |
| државен | учество | Марија Салтирова | II година |
| државен | учество | Лука Стоименовски | II година |
| државен | учество | Ива Цонева | II година |
| државен | учество | Анастасија Ќурчиска | II година |
| државен | учество | Сара Ангелова | II година |
| државен | / | Јана Попова | IIгодина |
| државен | / | Ана Мавродиева | II година |
| државен | / | Мила Сугарева | II година |

**Историја ментор: Трајче Трајковски**

| Тип на натпревар | Освоено место | Име и ученик | Година на образование |
|---|---|---|---|
| Општински | учество | Блаже Цурев | II година |
| општински | учество | Јелена Велкова | IV година |
| општински | учество | Теона Ефтимовска | II година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| регионален | учество | Блаже Цурев | II година |
| регионален | учество | Јелена Велкова | IV година |
| регионален | / | Теона Ефтимовска | II година |
| државен | диплома | Блаже Цурев | II година |
| државен | / | Јелена Велкова | IV година |
| државен | / | Теона Ефтимовска | II година |

**Историја ментор: Билјана Петровска**

| Тип на натпревар | Освоено место | Име и ученик | Година на образование |
|---|---|---|---|
| општински | учество | Теона Златковска | III година |
| општински | учество | Ева Ивановска | III година |
| општински | учество | Андреа Димитровска | III година |
| општински | учество | Мартин Цветковски | III година |
| општински | учество | Лука Стоименовски | II година |
| општински | учество | Даме Ивановски | II година |
| регионален | учество | Теона Златковска | III година |
| регионален | учество | Ева Ивановска | III година |
| регионален | учество | Андреа Димитровска | III година |
| регионален | / | Мартин Цветковски | III година |
| регионален | учество | Лука Стоименов | II година |
| регионален | / | Даме Ивановски | II година |
| државен | диполома IV место | Теона Златковска | III година |
| државен | диплома | Ева Ивановска | III година |
| државен | / | Андреа Димитровска | III година |
| државен | / | Мартин  Цветковски | III година |
| државен | / | Лука Стоименов | II година |
| државен | / | Даме Ивановски | II година |

**Географија– ментор: Анета Николова**

| Тип на натпревар | Освоено место | Име на ученик | Година на образование |
|---|---|---|---|
| општински | поминува | Милена Ангелова | I година |
| општински | поминува | Искра Георгиевска | I година |
| општински | поминува | Нела Јовановска | I година |
| општински | поминува | Марија Јанковска | I година |
| општински | поминува | Огнен Малешевски | I година |
| општински | поминува | Ања Димитровска | I година |
| општински | поминува | Даме Ивановски | II година |
| општински | поминува | Ива Цонева | II година |
| општински | поминува | Ивана Дамјанова | II година |
| општински | поминува | Вања Георгиевска | II година |
| општински | поминува | Анастасија Ќурчиска | II година |
| општински | поминува | Андреа Димитровска | III година |
| општински | поминува | Софија Ангелова | III година |
| општински | поминува | Сара Петровска | II година |
| општински | / | Јана Попова | II година |
| општински | поминува | Ефимија Димитровска | II година |
| општински | / | Мартин Цветковски | III година |
| општински | / | Филип Стефановски | I година |
| општински | / | Сара Ангелова | II година |
| регионален | поминува | Милена Ангелова | I година |
| регионален | поминува | Искра Георгиевска | I година |
| регионален | поминува | Нела Јовановска | I година |
| регионален | поминува | Марија Јанковска | I година |
| регионален | поминува | Огнен Малешевски | I година |
| регионален | поминува | Ања Димитровска | I година |
| регионален | поминува | Даме Ивановски | II година |
| регионален | поминува | Ива Цонева | II година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| регионален | поминува | Ивана Дамјанова | II година |
| регионален | поминува | Вања Георгиевска | II година |
| регионален | поминува | Анастасија Ќурчинска | II година |
| регионален | поминува | Андреа Димитровска | III година |
| регионален | поминува | Софија Ангелова | III година |
| регионален | поминува | Сара Петровска | II година |
| регионален | / | Јана Попова | II година |
| регионален | / | Ефимија Димитровска | II година |
| регионален | / | Мартин Цветковски | II година |
| регионален | / | Филип Стефановски | I година |
| регионален | / | Сара Ангелова | II година |
| државен | I место | Милена Ангелова | I година |
| државен | III место | Искра Георгиевска | I година |
| државен | I место | Нела Јовановска | I година |
| државен | I место | Марија Јанковска | I година |
| државен | II место | Огнен Малешевски | I година |
| државен | III место | Ања Димитровска | I година |
| државен | учество | Даме Ивановски | II година |
| државен | учество | Ива Цонева | II година |
| државен | учество | Ивана Дамјанова | IIгодина |
| државен | учество | Вања Георгиевска | II година |
| државен | учество | Анастасија Ќурчиска | II година |
| државен | учество | Андреа Димитровска | III година |
| државен | учество | Софија Ангелова | III година |
| државен | учество | Сара Петровска | II година |
| државен | / | Јана Попова | II година |
| државен | / | Ефимија Димитковски | II година |
| државен | / | Мартин Цветковски | II година |
| државен | / | Филип Стефановски | I година |
| државен | / | Сара Ангелова | II година |

**Англиски јазик – ментор: Желеанка Демирова**

| Тип на натпревар | Освоено место | Име и ученик | Година на образование |
|---|---|---|---|
| општински | I награда | Лора Гоцевски | I година |
| општински | учество | Ева Стоименовска | I година |
| регионален | 2 награда | Лора Гоцевски | I година |
| регионален | / | Ева Стоименовска | I година |
| државен | 2 награда | Лора Гоцевски | I година |
| државен | / | Ева Стоименовска | I година |

**Англиски јазик- ментор: Дијана Атанасова**

| Тип на натпревар | Освоено место | Име и ученик | Година на образование |
|---|---|---|---|
| општински | 2 награда | Ива Цонева | II година |
| општински | 2 награда | Вања Георгиевска | II година |
| општински | 3 награда | Стефанија Ќурчиска | III година |
| општински | 3 награда | Лука Самарџиски | III година |
| регионален | 2 награда | Ива Цонева | II година |
| регионален | 2 награда | Вања Георгиевска | II година |
| регионален | 3 награда | Стефанија Ќурчиска | III година |
| регионален | / | Лука Самарџиски | III година |
| државен | 2 награда | Ива Цонева | II година |
| државен | 3 награда | Вања Георгиевска | II година |
| државен | 3 награда | Стефанија Ќурчиска | III година |
| државен | / | Лука Самарџиски | III година |

## Латински јазик– ментор:Билјана Ивановска

| Тип на натпревар | Освоено место | Име и ученик | Година на образование |
|---|---|---|---|
| Општински | III награда | Сара Петровска | III година |
| Општински | III награда | Софија Ангелова | I година |
| Општински | III награда | Ива Анакиевска | II година |
| Општински | III награда | Вања Георгиевска | II година |
| Општински | Учество | Матеа Петровска | I година |
| Општински | Учество | Андреа Димитровска | III година |
| Општински | Учество | Теона Ефтимовска | I година |
| Општински | Учество | Леонора Жежовска | II година |
| Општински | Учество | Ивона Петрова | III година |
| Регионален | 2 награда | Сара Петровска | III година |
| Регионален | 3 награда | Софија Ангелова | III година |
| регионален | 3 награда | Ива Анакиевска | II година |
| регионален | / | Вања Георievска | II година |
| Регионален | / | Матеа Петровска | II година |
| Регионален | / | Андреа Димитровска | III Година |
| Регионален | / | Теона Ефтимовска | II Година |
| Регионален | / | Леонора Жежовска | II Година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Регионален | / | Ивона Петрова | III Година |
| државен | учество | Сара Петровска | III година |
| Државен | учество | Софија Ангелова | III година |
| Државен | учество | Ива Анакиевска | II година |
| Државен | / | Вања Георгиевска | II година |
| Државен | / | Матеа Петровска | II година |
| Државен | / | Андреа Димитровска | III година |
| Државен | / | Теона Ефтимовска | II година |
| Државен | / | Леонора Жежовска | II година |
| државен | / | Ивона Петрова | III година |

**Италијански јазик – ментор: Елена Димитровска**

| Тип на натпревар | Освоено место | Име и ученик | Година на образование |
|---|---|---|---|
| **општински** | поминува | Ева Стоименовска | I година |
| **општински** | поминува | Лука Стоименовски | II година |
| **општински** | поминува | Ива Анакиевска | II година |
| **општински** | поминува | Марија Салтировска | II година |
| **општински** | поминува | Сара Петровска | II година |
| **Регионален** | 1 место | Ева Стоименовска | I година |
| **регионален** | 2 место | Лука Стоименовски | II година |
| **регионален** | 3 место | Ива Анакиевска | II година |
| **регионален** | / | Марија Салтировска | II година |
| **регионален** | / | Сара Петровска | II година |
| **државен** | 3 место | Ева Стоименовска | II година |
| **Државен** | 1 место | Лука Стоименовски | II година |
| **Државен** | учество | Ива Анакиевска | IIгодина |
| **Државен** | / | Марија Салтировска | II година |
| **Државен** | / | Сара Петровска | II година |

**Математика– ментор:Роза Стаменковска**

| Тип на натпревар | Освоено место | Име и ученик | Година на образование |
|---|---|---|---|
| **Општиснки** | 2 награда | Лука Самарџиски | III година |
| **Општински** | 2 награда | Наталија Дамјанова | III Година |
| **Општински** | 2 награда | Ана Ангеловска | III Година |
| **Општински** | 3 награда | Ева Ивановска | III година |
| **Регионален** | 3 награда | Лука Самарџиски | II година |
| **Регионален** | `учество | Наталија Дамјанова | III година |
| **Регионален** | Учество | Ана Ангеловска | III година |
| **Регионален** | Учество | Ева Ивановска | III година |
| **Државен** | учество | Лука Самарџиски | III година |
| **Државен** | / | Наталија Дамјанова | III година |
| **Државен** | / | Ана Ангелова | III година |
| **државен** | / | Ева Ивановска | III година |

**Математика– ментор:Лилјана Дамјанова**

| Тип на натпревар | Освоено место | Име и ученик | Година на образование |
|---|---|---|---|
| општински | пофалница | Јована Димитровска | I година |
| регионален | учество | Јована Димитровска | I година |
| државен | / | Јована Димитровска | I година |

**Математика-ментор- Весна Постоловска**

| Тип на натпревар | Освоено место | Име и ученик | Година на образование |
|---|---|---|---|
| општински | пофалница | Ана Ристова | II година |
| општински | пофалница | Ана Мавродиева | II година |
| Регионален | / | Ана Ристова | II година |
| Регионален | / | Ана Мавродиева | II година |
| државен | / | Ана Ристова | II година |
| државен | / | Ана Мавродиева | II година |

**Програмски јазици: ментор-Лидија Самарџиска**

| Тип на натпревар | Освоено место | Име на ученик | Година на образование |
|---|---|---|---|
| општински | поминува | Лука Самарџиски | III година |
| регионален | II награда | Лука Самарџиски | III година |
| државен | пофалница | Лука Самарџиски | III година |

**Спорт и спортски активности : ментор-Ванчо Велковски**

| Тип на натпревар | Освоено место | Име на ученик | Година на образование |
|---|---|---|---|
| општински | прва награда | ракомет-женски | I година |
| општински | прва награда | кошарка-женски | I година |
| регионален | прва награда | ракомет-женнски | I година |
| регионален | прва награда | кошарка-женски | I година |
| зонски | трета награ | ракомет-женски | I година |
| зонски | втора награ | кошарка -женски | I година |

## РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО ТЕКОТ НА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

### Проект Trans green inspiration

На ден 09.10. 2023 година, во конгресната сала во училиштето ,Центаот за одржливи пркатики-Природна Перспектива, имаше своја презентација пред учениците за досегашните активности и планираните активности во иднина. Целта беше да се презентираат можностите на младите преку вклучување во проекти финансирани од Европската унија, како и да се им се понуди  поддршка и помош во имплементација на нивните идеи. Беа доделени и сертификати на наши ученици кои беа дел од учесниците во проектот Trans green inspiration ,кој се реализираше од 05.08 до 05.09.2023 година.

### *Меѓународен проект Суперучилишта(superschools)*

Во Делчево доделени сертификати за учесниците во Меѓународниот проект Суперучилишта (Superschools), кој гимназијата Методи Митевски – Брицо го спроведе заедно со Средња Стручна Школа од Пирот, Р.Србија. Во рамки на свечениот настан по тој повод, делчевските ученици подготвија кратка презентација за активностите кои ги реализираа во рамки на втората училишна размена со училиштето од Србија која се реализира преку RYCO програмата.

Вториот циклус на размени предвидени со проектот Don’t Give Up, Gift Up е дел од програмата на долгорочни партнерства на Суперучилишта, а во истиот, од вкупно седум на ниво на Западен Балкан само две училишта влегоа во програмата на долгорочни партнерства, а меѓу нив беа и училиштата од Делчево и Пирот.

Втората размена, се реализираше во Пирот во периодот од 24-ти до 30-ти септември, а програмските содржини од проектот реализирани во рамки на втората размена интеркултурниот дијалог, методологијата на решавање на конфликти како и сегменти на кариерно советување и социјално претприемништво.

### *Превентивна едукативна средба*

На ден  16.10.2023 година во нашето училиште беше реализирана превентивна едукативна средба од страна на Виолета Илиевска-Самостоен инспектор за превенција при РЦ за ГР Исток - Делчево а во соработка  со ОО на Црвен крст Делчево со учениците од прва година.  Соработката оваа година започна со темата ,, Превенција од трговија со луѓе,,.Едукацијата беше со  цел заштита на учениците преку подигање на јавната свест за опасностите поврзани од трговија со луѓе и како да се добие помош. Учениците го гледаа и анализираа едукативниот филм ,, Набљудувачи ,, преку кој можеа да воочат различни ситуации во кои може да се најде една млада личност а можат да доведат до позитивни или негативни искуства.

Училиштето има за цел да обезбеди услови за безбедно развивање на учениците и да ги заштити од сите форми на насилство, злоупотреба и запоставување. Најсериозната форма на насилство и криминал што ги погодува младите е трговијата со луѓе. За да се спречи ваквиот вид на криминал, како  и секој друг, се планираат и спроведуваат соодветни активности, вклучително и следење и навремено препознавање на индикаторите за ризик од трговија со луѓе кај ученицит

## Еднодневна нагрдадно-научна екскурзија за 16 наши ученици

Учениците кои во минатата 2022/23 учебна година постигнаа високи резултати на меѓународни и државни натпревари, односно се стекнаа со медали или награди, со Одлука на Директорот на училиштето а според Правилникот за наградување на постигањата на учениците, денес, 27.10.2023 г. заедно со своите ментори беа наградени со еднодневна екскурзија.

Убавиот ден го исполнија со посети на неколку локации кои се од областа на наставните предмети по кои имаа постигнати високи резултати. Мегалитската опсерваторија Кокино, убавините на кањонот Матка, а слободното време го искористија за дружење и заеднички ручек.

Искрени честитки до сите ученици кои успешно го претставуваа нашето училиште со најдобри постигнати резултати на меѓународни и државни натпревари. Голема благодарност и до воспитно-образовниот кадар, професорите Анета Николова по географија, Марина Синадиновски по биологија и Ванчо Велковски по спорт и спортски активности, кои преку својата креативна работа создадоа услови да ги мотивират учениците и преку разни активности да го развијат талентот и потенцијалот кај секој од нив. Веруваме дека оваа награда дополнително ќе ги стимулира учениците да продолжат да постигнуваат нови успеси и признанија во нивното натамошно образование но и да ги поттикне сите останати да вложуваат уште повеќе во себе за повисоки резултати.

Најдобри меѓу најдобрите во минатата учебна година беа:
Ева Ивановска III 2 клас- Сребрен медал на Меѓународна Олимпијада по геонауки,
Ива Цонева II 1 клас- II награда на Државен натпревар по географија
Лука Стоименовски II 1 клас- II награда на Државен натпревар по биологија
Марија Салтировска II 1 клас- II награда на Државен натпревар по биологија
Вања Ѓеоргиевска II 1 клас- III награда на Државен натпревар по географија
Ивана Дамјановска II 2 клас- III награда на Државен натпревар по географија
Симона Ќурчиска IV 1 клас- III награда на Државен натпревар по биологија
Ракометарките од Училишниот спортски клуб со освоено II место на Државното првенство во ракомет: Јана Попова II 2 клас , Анастасија Ќурчиска II 2 клас, Сара Ангелова II 3 клас, Александра Сосиева II 3 клас, Андреа Димитровска III 3 клас, Теона Тричковска III 3 клас, Теодора Тодоровска IV 2 клас, Дариа Спасевска IV 2 клас и Јована Димитровска IV 5 клас.

Веруваме дека ваквите училишни активности придонесуваат за зголемување на комуникацијата и соработката меѓу учениците и зајакнување на натпреварувачкиот дух.

## Промоција на безбедна училишна средина

.

Во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ , по поднесената апликација нашето училиште е селектирано за вклучување во активностите на проектот. Апликацијата ја поднесовме со цел да придонесеме во остварување на правата на децата за квалитетно образование во безбедна и партиципативна училишна средина. Проектот ќе се фокусира кон креирање на безбеден простор на младите преку активна поддршка за справување на сите форми на насилство врз нив како тема која е актуелна се повеќе во денешно време. Ученичкото учество во процесите на донесување одлуки ќе биде главниот принцип низ кој ќе се води овој проект, овозможувајќи заеднички пристап на учениците и возрасните кон препознавање, превенција и справување со насилство.
ЗА ПРОЕКТОТ:

Коалиција на младински организации СЕГА во партнерство со Македонскиот Центар за Граѓанско Образование, Прва Детска Амбасада во Светот МЕЃАШИ и СМАРТ АП - Лабораторија за социјални иновации, со поддршка од Детската Фондација Песталоци, го спроведува проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, во периодот септември

2023 – август 2026 година.
Цел на проектот: „Придонес кон остварување на правото на децата за квалитетно образование во безбедна и партиципативна училишна средина.
Проектот ќе се спроведува во соработка со Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат и Министерството за труд и социјална политика.
Очекувани резултати:
[1] Подобрена имплементација на законските одредби за ученичко учество во процесите на донесување одлуки и заштита на децата;
[2] Зајакнати капацитети на средните училишта за превенција и справување со насилство;
[3] Примена на наставни методи и техники кои поддржуваат и промовираат заштита, учество и еднакви можности за сите ученици и ученички.

## *Презентација за бенифициите од програмата за размена на ученици во Америка и програмата за размена во Англија*

На ДЕН 03.11.2023год ученичката Андреа Толевска од Делчево која преку ученичка размена пред две години замина да се дообразува во Англија, пред дел од средношколците во гимназијата Методи Митевски Брицо ги презентираше можностите кои ги нуди англискиот образовен систем. Акцент на презентацијата беше ставен на бенефициите од програмата за размена на ученици во Америка и програмата за размена во Англија .

-Јас сум Андреа Толевска ученик во средно училиште во Англија и бивш ученик во СОУ ,,М.М.Брицо” во Делчево. Денеска направивме една презентација да им објасниме на учениците како јас успеав да учам во средно училиште во Англија и исто така кои се бенефициите од програмата за размена на ученици во Америка и програмата за разменна во Англија која дозволува две години средно училиште, со цел да се продолжи и факултет таму, рече Толевска

Според неа школувањето во Англија е неверојатно искуство кое го има како дел од тамошното Рајт Скул.
-Неверојатно искуство затоа што тоа не е само училиштето, туку запознаваш голем дел на други некои ученици, кои што стануваат како дел од фамилија и кои се надевам ќе ги паметам цел живот. Рајт Скул училиштето во Англија кое се наоѓа на островот Ајл оф Вајт има околу 900 ученици, познато е како и сите други по изборот на три предмети во Средното училиште во зависност од ученикот, додаде Толевска.

Најголем дел од учениците кои се дел од училишната размена, како што додаде се од Германија, но има и други ученици од Балканот.

-Искрено највеќе има од Германија околу 20 ученици има само во интернатот каде живеам, но има и уученици од други држави, еден од стипендистите како мене е од Црна Гора, но и има и од многу други земји како Америка Кина, итн… потенцира Толевска.

Тамошното искуство и помогнало навистина и помогнало да го најде она што е вистинскиот предмет за неа за студирањето во иднина, помагајки и исто така да изгради една база, која што ќе ја насочи во доизградбата на нејзината личност.

Како поранешен ракомета Толевска активно ги користи и можностите за спортување кои како што кажа таму се огромни.

-За жал ракометот не е толку познат како во Македонија, но се обидувам да пробам нет-бол и хокеј, нешто што го немам пробано и го нема кај нас. Значи немам некој стриктен спорт, но се обидувам да пробам од се по нешто, додава Толевска.

На крај упати порака да се пробаат можностите за студирање преку училишните размени, бидејки нема што да се изгуби. Се работи за само една прилика и незабправно искуство, кое според младата делчевка не треба да се пропушти.

## *Едукативна мотивациска работилнца на тема ,, Доброволно крводарителство,,*

На ден 13.11. 2023 година, Општинска организација на Црвен крст Делчево во соработка со д-р Виолета Ѓорговска и СОУ ,,Методи Митевски Брицо" на учениците од четврта година оддржа едукативна мотивациска работилница на тема ,,Доброволно крводарителство" . Работилницата беше со цел мотивирање на младите крводарители да даруваат крв, да научат кои се бенефитите од крводарување и критериумите да се биде крводарител.

Светскиот ден на дијабетесот беше создаден во 1991 година од страна на Интернационалната федерација за дијабетес и Светската здравствена организација како одговор на зголемената загриженост од ескалацијата и заканата по здравјето што ја предизвикува дијабетесот. Светскиот ден на дијабетисот стана официјален ден на Обединетите нации во 2006 година со усвојувањето на Резолуцијата 61/225 на Обединетите нации и се одбележува секоја година на 14 ноември, роденденот на Сер Фредерик Бантинг, кој ко-открил инсулин со Чарлс Бест во 1922 година.

Денеска во Делчево! Убав ден! И да се справуваме со Дијабетесот во иднина!Следната година да е без проблеми!

Светскиот ден на дијабетесот 14 Ноември во Делчево се одбележи со мерење на шеќер во крвта меѓу учениците и професорите во СОУ,, Методи Митевски -Брицо"
Сите учесници беа со добри вредности!

## *СОУ ,,М.М- Брицо'' успеа да се пласира на престижниот Best in English натпревар*

СОУ МЕТОДИ МИТЕВСКИ – БРИЦО, Делчево и оваа година успеа да се пласира на престижниот интернационален натпревар по знаење од предметот Англиски јазик. Натпреварот е организиран од Best in English со акредитација од Минстерство за Образование и Наука на Република Чешка за реализирање на интернационални натпревари.

### *BEST IN ENGLISH*

Учениците учесници на престижниот натпревар по знаење на англискиот јазик организиран од страна на BEST IN ENGLISH, беше спроведен од страна на СОУ Методи Митевски – Делчево на 16-ти ноември, 2023.

Директорката на училиштето Дијана Цонева им ги додели сертификатите за учество на учениците процесирани од BEST IN ENGLISH и го помина класниот час со нив охрабрувајќи ги учениците да продолжат понатаму со учењето и натпреварувачкиот дух. "Ни претставува големо задоволство што завршуваме календарска година со вакви активности. Споделувањето на искуствата и признавање на трудот на учениците е поголемо од напорите за влез за учество и организирање на натпревар од ваков ранг особено кога имаме ученици со висок потенцијал."Best in English е акредитиран од Министерство за Образование на Чешка за организирање меѓународни натпревари а автори на тестовите кои се на Ц1 ниво се универзитетски професори по современ англиски јазик и лингвистика од светски реноминари универзитети.

## *Интернационалнио натпревар во ораторство Original Oratory Balkan Voices*

Тим од ученици од нашето училиште одлично се претстави на Интернационалниот натпревар во ораторство Original Oratory Balkan Voices кој од 15-ти до 17-ти март се одржа на Американскиот универзитет во Благоевград, Р.Бугарија.

На настанот учествуваа учениците Искра Георгиевска, Елена Димитровска, Лука Стоименовски и Ана Ангеловска а под менторство на професорката по англиски јазик Желеанка Демирова.

На настанот ученичката Искра Георгиевска во оригинално ораторство го освои првото место, а по тој повод денес во гимназијата во Делчево беше организиран настан на кој останатите учениците се запознаа со темите со кои се претстави победничкиот тим на овогодинешниот натпревар во Бугарија.

На натпреварот учествуваа 71 учесник од повеќе училишта на Балканот и истиот има за цел да им овозможи на студентите меѓукултурно искуство, што ќе им овозможи суштински да се поврзат со студенти од други земји и да стекнат нови перспективи.

## *45-тата Школа ,,Млади физичари’’*

Голем успех на нашите ученици на 45-тата Школа “Млади физичари”. Настанот се одржа на 17.11.2023 г. во организација на Друштвото на физичари на Природно-математичкиот факултет во Скопје. На него учествуваа и наши ученици од втора и четврта година со нивниот ментор, професорот по физика Роберт Цветковски.

Учениците од четврта година, Симона Ќурчиска и Ина Мишева освоија прва награда со својот експеримент “Звучен визуализар”,втора награда освоија учениците Магдалена Георгиевска и Ива Ивановска со својот експеримент “Мини-вакум правосмукалка ”,додека учениците Филип Петровски и Дамјан Маневски освоија трета награда со експериментот “Загревање на метали и создавање на струја со појавата електромагнетна индукција”

Учениците од втора година, Лука Стоименовски и Марија Салтировска освоија втора награда со својот експеримент “Модел на парна машина”, додека пофалници за учество на 45-тата Школа “ Млади физичари” добија учениците од втора година Ана Мавродиева и Александра Сосиева за експериментот “Примена на тотална рефлексија кај монохроматска светлина од ласер”,Вања Ѓеоргиевска и Даме Ивановски за експериментот “Хологрaмски видео проектор” и учениците Сара Тодоровска и Леонора Жежовска со својот експеримент “Фонтана на Херон”

Честитки до сите ученици и менторот. Им посакуваме трудољубивоста, знаењето и желбата за успех да им бидат водилка по патот на нивното образование.

## *Информативно предавање на тема ,,Борба против зависности’’*

Согласно календарот на традиционални активности месец Ноември е посветен на борба против болести на зависности. За таа цел ООЦК Делчево започна со врснички едукации во СОУ "Методи Митевски Брицо" под мотото "Информирај се и донеси одлука сам "

## *,,Поттикнување на гласот на учениците во носење на средношколските одлуки''*

Претставници од нашето училиште, проф Весна Димитровска и ученичката Сара Ангелова, земаа учество на вчерашниот настанот „Поттикнување на гласот на учениците во носење на средношколските одлуки " во Скопје.

Настанот беше со цел на присутните претставници на средни училишта да им се презентира модел на ко-менаџмент тело за носење на одлуки во училиштата кој предвидува вклученост на сите засегнати страни во училиштата, вклучувајќи ги и учениците. Имено, овој модел е изработен од претставници на осум средни училишта кои преку заедничка работа развија модел кој детално го дефинира начинот на функционирање на ко-менаџмент телото. Истиот е апликабилен за сите средни училишта во нашата земја. Во моментов, овој модел е во фаза на консултации со цел истиот да се додефинира, а по оваа фаза, осумте средни училишта ќе го воведат овој модел како пилот-фаза за да се види како истиот би функционирал.

## *Натпревар во Футсал за Средни Училишта-машки*

На ден 24.11.2023 год. Се одржаа зонските натпревари во Футсал за Средни Училишта – машки. Натпреварите се одржаа во училишната спортска сала на ОУ”Крсте Мисирков” – с. Оризари. Учествуваа 3 екипи и тоа: 1.СОУ”Миле Јаневски Џингар” – Каменица 2.СОУ” Гошо Викентиев” – Кочани и 3. СОУ”Методи Митев ски Брицо” – Делчево Резултати: 1.”Гошо Викентиев” – “Методи Митевски Брицо” 7 : 0 2.”Методи Митевски – Брицо” –“ Миле Јаневски – Џингар” 5 : 4 и 3.”Миле Јаневски Џингар” –“ Гошо Викентиев” 1 : 6 Пласман: 1-во место СОУ” Гошо Викентиев”- Кочани 2-ро место СОУ” Методи Митев ски Брицо” – Делчево и 3-то место” Миле Јаневски Џингар” – Каменица.

## *Работилница од МПФ и УНФПА на тема ,, Подигни го гласот, младински активизам во Делчево''*

Денес во нашето училиште се организира работилница од МОФ & УНФПА на тема ,, Подигни го гласот, младински активизам во Делчево" .

Работилницата имаше за цел да ја претстави скалата на младинско учество и поимот активизам пред младите од Делчево. Учествуваа 29 ученици од училиштето а координатори на активностите беа Никола Марковски( поранешен наш ученик) и Андреј Ѓеоргиевски ( ученик во IV 1 клас). Тие преку игри и дискусија ги поттикнаа младите како да дејствуваат, да бидат поактивни во општеството и да наоѓаат потенцијални решенија за бариерите за младинско учество.

## *НАГРАДА ЗА НАЈДОБРИ-ПРАКТИКИ- ОДЛИЧЕН ЗАВЕРШЕТОК НА*

## *ПРОГРАМАТА НА СУШЕРУЧИЛИШТА*

СОУ МЕТОДИ МИТЕВСКИ – БРИЦО И СРЕДЊА СТРУЧНА ШКОЛА со својот проект “Don’t Give Up, Don’t Gift Up”, ја добија наградата во категоријата НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ, што значи месеци посветени на проектот: креативност, иновативност, коректен пристап за примена на програмските цели во делот на учење и примена на Интеркултурен Дијалог, Решавање на Конфликти, Позитивно градење на мир во Западен Балкан, креирање на прирачник за следните апликанти со совети за пристап и методологија на одржливост на проектот.

Освен со програмските имплентации, проектот играше голема улога во промоција на регионите на двете општини Делчево и Пирот, како и во зајакнување на врските помеѓу наставничкиот колегиум на двете училишта.

Наградата во името на сите ученици ја примија учесниците на завршниот настан во Сараево – SuperschoolsConference RYCOgnized vision: Education as a peace catalyst: (Образованието како Катализатор на Мирот), Лука Стоименовски и Зоран Алиќ со своите наставници – локални координатори Желеанка Демирова и Душица Голуновиќ.

Наградата се додели во присуство на еминенти претставници од Амбасадите, одговорните службени лица од канцелариите на RYCO, донаторите и претседателката на Босна и Херцеговина.

## *Натпревар во Футсал за Средни Училишта-машки Иновација ,, Електростатски филтер’’*

Амбасада на Шведска во Скопје!

Посебно признание на тимовите на #Upshift од СОУ „Љупчо Сантов“-Кочани СОУ „Методи Митевски - Брицо" - Делчево СОУ Орде Чопела Прилеп, за нивните одлични презентации на нивните иновативни идеи за животна средина и одржливост.

Тимот од СОУ „Методи Митевски - Брицо“ - Делчево го предводеа ученичките Ева Ивановска и Мариа Магдалена Стоименовски кои ја презентираа иновацијата ,, Електростатски филтер".

## *Работлница - ,, Промоција на културата за обезбедување квалитет и Европската рамка за обезбедување на квалитет во стручното образование и обука- EQAVET’’*

„Промоција на културата за обезбедување квалитет и Европската рамка за обезбедување на квалитет во стручното образование и обука - EQAVET“ е работилницата на која на 28 Ноември од нашето училиште учество зедоа Директорката Дијана Цонева, педагог Андријана Николова и професорката по текстилни предмети Даниела Мијалчова. Обуката е дел од Активност 4.2 Обезбедување на програми за обука за обезбедување на квалитет (QA) и избраните индикатори од Европската рамка за обезбедување на квалитет во стручното образование и обука (EQAVET), во проектот „Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на СОО и образованието на возрасни“.

Оваа обука е дизајнирана да го подобри разбирањето и имплементацијата на практиките за обезбедување квалитет (QA) и индикаторите за Европската рамка за обезбедување на квалитет во стручното образование и обука (EQAVET).

Обуката во голема мера ќе придонесе за успешно спроведување на идните активности на ниво на училиште со цел за обезбедување на квалитет за СОО на ниво на давател

науслуги.

## Светскиот ден на лицата со посебни потреби

,, Срце што знае да сака, секогаш поддава рака" .

Во одбележувањето на Светскиот ден на лицата со посебни потреби, во активностите на НУЦК ,, Никола Јонков Вапцаров" Делчево , финансирани од Министерство за култура, се вклучија претставници од Ученичката заедница од нашата гимназија.

Разбирање, емпатија ,прифаќање, поддршка од заедницата е она што на лицата со посебни потреби им е потребно секој ден. Сите сме еднакви и не постојат разлики меѓу нас, треба само да си поддадеме рака и да бидеме едно.

,,Никогаш нема да изгледаш добро ако направиш некој да се чувствува лошо".

Со сите ученици од нашето училиште, преставниците на Здружението на граѓани РУБИКОН од Скопје реализираа интерактивни работилници. Низ отоворен и интерактивен пристап во проектните активности на проектот „Сите за безбедни училишта“ беа опфатени теми за превенција, препознавање и справување со различни форми на врсничко насилство. Овие активности се поддржани од Механизмот за граѓанска отпорност (МГО), во рамките на проектот „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“ што се финансира од ЕУ.

## Кампањата ,, 16 дена активизам против родово базирано насилство’’ на тема ,, Инвестирајте за да го спречите насилството брз жените и девојчињата’’

Во рамки на кампањата „16 дена активизам против родово базирано насилство“ на тема „Инвестирајте за да го спречите насилството врз жените и девојчињата“, денес во нашето училиште се оддржа работилница со ученици од нашата гимназија и двете основни училишта од општината.

Работилницата беше организирана од Општина Делчево и заедничката програма на ЕУ и Советот на Европа РОМАКТЕД фаза 2 во соработка со Министерството за труд и социјална политика, а во неа активно учество имаа преставниците од ЦСР-Општина Делчево, ОВР-Делчево, КЕМ на Општина Делчево.

Учениците имаа можност да дебатираат и да разговараат со надлежните на темата насилството, без разлика дали е врсничко или родово базирано, дали е физичко, психичко, или сајбер насилство.

Кога станува збор за насилство, учениците се најранливата категорија во кои треба да се превенира, да се препознава насилството и соодветно да се реагира кај стручните служби во училиштата или до институциите.

## Меѓународна олимпијада по експериментална Физика

Учество на ученичката Ана Мавродиева со менторот Роберт Цветковски на 10-та Меѓународна олимпијада по експериментална Физика која се оддржа на ден 07.12.2023г. На Природно-математичкиот факултет во Скопје.

## Зонски натпревар во кошарка- женски

Денес, 07.12.2023 год. во спортската сала М. М. Брицо- Делчево се одигра зонски натпревар во кошарка женски за средни училишта помеѓу екипите на СОУ М. М. Брицо Делчево и СОУ Љупчо Сантов - Кочани. Понатаму на регионално првенство оди домашната екипа на СОУ М. М. Брицо од Делчево. Со среќа и успех понатаму!

## *Новогодишните и Божќните празници*

Новогодишното украсување ја поттикнува празничната магија и придонесува кон подобро расположение.

Затоа учениците од нашето училиште ја разбудија креативноста во себе и започнаа со изработка на новогодишни украси. Учениците од текстилната струка под менторство на нивните професорки, изработија новогодишни украси и ги поставија на влезот од училиштето.

Со прехранбени продукти, учениците од хемиско-технолошката струка прехранбен техничар и од ликовниот клуб, изработуваат новогодишни украси кои во организација на Ученичката заедница на 27-ми и 28-ми декември беа изложени на традиционалниот новогодишен базар.

.

## *,,Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на стручните училишта и образованието за возрасни*

,,Зголемување на атрактивноста , инклузивноста и релевантноста на стручните училишта и образованието за возрасни " рече темата на обука во Струмица на која од нашето училиште учество зедоа професорките Лидија Таушански и Даниела Мијалчова.

Современите педагошки пристапи се неминовни во денешното општество. Целта на образованието на возрасните е да се обезбеди можност за стекнување на соодветно образовно ниво за секого и за сите возрасни групи и да овозможи истите да стекнат знаења, вештини и ставови кои ќе бидат во согласност со барањата на општеството и пазарот на трудот.

Човекот учи додека е жив!

## *,,Изборологија’*

„Изборологија“ е прва он-лајн друштвена игра за политичка едукација во нашата земја. Преку играта учениците можат поблиску да се запознаат со политичкиот систем, да разберат како функционира парламентарната демократија, како се спроведуваат изборите за пратеници во Собранието и на кој начин политичките партии учествуваат во парламентарните избори.

Преку носење на стратешки одлуки, спроведување на мерки, активности и остварување на коалиции, играта овозможува на учениците да „влезат во чевлите“ на лидер на замислена политичка партија и да учествуваат во парламентарните избори во нашата земја.

Денес во организација на здружението LEAD од Скопје беше организиран он - лајн турнир во ,,Изборологија" на кој учествуваа 8 училишта со по 6 ученици. Учениците беа поделени во тимови по сесиии а на крај се собираа групните резултати. Од нашето училиште победник во сесија ни е Бојан Бошначки. Честитки за добиениот резултат и благодарност до сите ученици за посветеноста и покажаниот натпреварувачки дух.

Координатор на активностите е професорката по социологија Весна Димитровска.

## *Одбележување на Недела на борба против ХИВ/СИДА*

По повод  Неделата на борба против ХИВ/СИДА под мотото “Глобарна солидарност, заедничка одговорност ”, Црвен крст на Република Северна Македонија – Општинска организација Делчево спроведе едукативна работилници во СОУ "Методи Митевски Брицо"Делчево на тема  ХИВ/СИДА.

## *Литературно-поетска манифестација ,, Вапцарови бранувања’’*

Наредена со зборови, обоена со слики, нагласена со вистинската метрика, моќта на ПОЕЗИЈАТА е неспоредлива".

На ден 23.12.2023год., во рамки на Литературно-поетската манифестација „Вапцарови бранувања 2023 година“ , беа доделени награди од литературниот конкурс на тема: ,,Вапцаров, писател со револуционерни идеи". Во категоријата возрасни наградени се наши ученички кои на доделувањето на наградите се претставија со своите творби.

1 место - Ева Ивановска III 2 клас
2 место - Андреа Димитровска III 3 клас
3 место - Сара Ангелова II 3 клас
3 место - Искра Георгиевска I 2 клас
Им честитаме за наградите и им посакуваме уште многу напишани стихови...

Уникатноста е нивна препознатливост, оригиналноста е нивен заштитен знак, посебноста е нивна совршеност!

,,Вапцарови бранувања 2023 “ е проект финансиски поддржан од Министерство за култура.

## *Сообраќајно едукативно предавање*

На ден 21.12.2023 г. во конгресната сала во училиштето се оддржа сообраќајно едукативно предавање за одговорно учество во сообраќајот со учениците од средното општинско училиште „Методи Митецски Брицо“.

Акцентот беше ставен на опасноста од употребата на паметните телефони (смартфони) при движењето како пешаци и последиците од сообраќајни незгоди со пешаци.

Ова предавање беше предвидено како активност во рамки на кампањата СЕ ДВИЖИМЕ БЕЗБЕДНО, која се реализираше во организација на Општина Делчево и Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, а во соработка со Полициската станица од општа надлежност Делчево - сообраќајна полиција, основните и средното училиште, детската градинка, Дневниот центар за лица со посебни потреби и Регионалниот центар за гранични работи – Исток.

Цел на акцијата е унапредување на безбедноста на пешаците со акцент на децата како пешаци во сообраќајот

## *ДА БИДЕМЕ ХУМАНИ*

На ден 26 и 27 декември(вторник и среда) во спортската сала на СОУ,, ММ Брицо" со почеток од 12 часот  се оддржаа натпревари во футсал кои беа од хуманитарен карактер.

## Дебатно првенство

,, Овој Дом би им забранил на сите земји кои кршат човекови права да учествуваат на сите големи меѓународни забавни настани'", е тезата која 230 мади лица од кои 150 средношколци со аргументи и ставови ја бранеа на целиот турнир, како и на самото финале.

Настанот се оддржа во просториите на скопската гимназија „Орце Николов“ , а од нашето училиште дебатери беа: Вања Георгиевска, Ева Ивановска, Ања Димтровска, Ива Анакиевска, Ана Мавродиева, Ивана Витанова, Матеј Цековски, Ева Стоименовска, Милена Ангелова а судии/тренери на тимовите од СОУ,, ММ Брицо" беа Даме Ивановски и Анастасиа Такева.

## Кампања ,, Петарди-НЕ- безбедност пред се’’

,, Петардите се опасни и воопшто не се кул"

Во рамки на кампањата ,, Петарди НЕ- безбедност пред сè" , на ден , 25.12.2023 год. полициски службеници од РЦ за ГР Исток и лекар Специјалист педијатар од ЈЗУ,, Гоце Делчев" од Делчево, оддржаа превентивно - едукативна активност со учениците од прва година од училиштето.

## Оратостка средба, која беше во оранизација на ЈЛБ ,,Илинден’’, а во соработка со СОУ ,,М.М- Брицо ’’

На ораторската средба која беше на тема „Празници се ближат“ се пријавија 11 средношколци.

Да се биде оратор не е лесно.Тоа е и дар од Бога и време поминато во вежбање. Тешка задача која е навистина голем предизвик. Од тие причини сите сите средношколци кои се пријавија да учествувате, и тоа во време пред празници и пред полугодие кога и школските обврски не смеат да се занемарат, секоја чест. Браво за сите нив!

Некогаш се користела целата образованост, остроумност, интелигенција, за да се создаде говор кој ќе ја покрене масата. Денес, за жал, на социјалните мрежи може да се постигне популарност и со недолични фотографии и некултурно изразување. За современата комуникација на интернет, не е неопходно добро да се познава граматиката, ни да се има којзнае каков речник, да се биде јазичен и говорен лексикон. Во ваков свет на комуникација, младите не се многу заинтересирани да станат говорници. Уметноста да се зборува добро или мајсторството на јавниот говор – ораторството, сè повеќе е маргинализирано.

Со цел младите да се поттикнат храбро, јавно, културно, елоквентно да зборуваат за актуелните теми, ЈЛБ „Илинден“ -Делчево сака да ја негува традицијата за ораторството.

Ораторството не е само вештина, туку и уметност и за јавниот настап потребна е голема подготовка, храброст, но и желба и волја да се направи тоа. Во последно време сведоци сме дека младите луѓе се летаргични и незаинтересирани, тоа го вклучува, за жал, и ораторството и го става во една позиција на подзаборавеност. За среќа, постојат институции, факултети, училшта и библиотеки,кои се трудат да ја негуваат оваа уметност.

Ораторството треба да се негува во сите степени на образование. Но, за добро да се говори, мора и да се чита.

Да не шепотите, туку јавно и гласно да зборувате за се!

На ораторската средба учествуваа:

-Стефанија Тодоровска
-Анастасија Ѓеорѓиевска
-Нела Јовановска
-Милена Ангелова
-Искра Георгиевска
-Awa Димитровска
-Даме Ивановски

-Ана Мавродиева
-Сара Ангелова
-Ана Ангеловска
-Андреа Димитровска

Членови на Комисијата за избор беа: Лидија Дамјанова-професор по македонски јазик при СОУ„М.М.Брицо“, Билјана Стоиловска, наставник по македонски јазик во ООУ „Ванчо Прке“ и Весна Иванова - наставник по мнакедонски јазик во ООУ „Св.Климент Охридски"

Сите учесници добија благодарница и подарок книга од библиотеката а Комисија за избор за најдобри ги избра:

Трето место- Милена Ангелова
Второ место-Андреа Димитровска
Прво место-Искра Георгиевска

Честитки до сите, се надеваме дека ораторската средба ќе прерасне во традиција.

Наградените оратори од нашата сограѓанка Катерина Антовска,која моментално живее и работи во Скопје, а од секогаш ги поддржувала и била на страната на нашите ученици, добија подарок. Нека ова биде и поттик до сите други поединци и институции, без разлика кој и каков настан се организира со нашите ученици, да ги поддржат, не е до подароко, туку до вниманието, кое ќе им значи, се вели во објавата на ЈЛБ ,,Илинден".

## BEST IN ENGLISH

Учениците учесници на престижниот натпревар по знаење на англискиот јазик организиран од страна на BEST IN ENGLISH, беше спроведен од страна на СОУ Методи Митевски – Делчево на 16-ти ноември, 2023.

Директорката на училиштето Дијана Цонева им ги додели сертификатите за учество на учениците процесирани од BEST IN ENGLISH и го помина класниот час со нив охрабрувајќи ги учениците да продолжат понатаму со учењето и натпреварувачкиот дух. “Ни претставува големо задоволство што завршуваме календарска година со вакви активности. Споделувањето на искуствата и признавање на трудот на учениците е поголемо од напорите за влез за учество и организирање на натпревар од ваков ранг особено кога имаме ученици со висок потенцијал.“Best in English е акредитиран од Министерство за Образование на Чешка за организирање меѓународни натпревари а автори на тестовите кои се на Ц1 ниво се универзитетски професори по современ англиски јазик и лингвистика од светски реноминари универзитети.

## НОВОГОДИШЕН БАЗАР

На ден 28 декември од 12 часот во градскиот парк во Делчево се оддржа новогодишната манифестација ,,НОВОГОДИШЕН БАЗАР" . Учениците од нашето училиште од хемиско-технолошката, текстилно-кожарската струка и ликовниот клуб, традиционално во организација на ученичката заедница од училиштето ќе се претстават со лични изработки на новогодишни украси и прехранбени производи.

Штандот беше со преплет на креативност, талент и идеи, а на нас ни останува сега да се восхитуваме на галеријата од изработки а во четврток да го посетиме нивниот штанд и да им дадеме поддршка.

## *”Обука на наставниот кадар и стручната служба од училиштето на тема ,,Зголемување на атрактивноста, икнлузивноста и релевантноста на средните училишта и образованието за возрасни”*

На ден 17.01.2024г.во училиштето се спроведе обука на наставниот кадар и стручната служба од училиштето на тема ,,Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на средните училишта и образованието за возрасни ". Целта на обуката е да се обработат современите педагошки пристапи и изработка на проекти во стручното и гимназиското образование преку разни таксономии, доусовршување на начините на оценување и зголемување на мотивацијата на наставникот за вклучување во процесот на доживотно учење и образование за возрасни. Обучувачи беа професорките Лидија Таушански и Даниела Мијалчова.

## *Кампања по прва помош под мотото ,, Првата помош спасува живот”*

Продолжуваме со кампањата по прва помош под мотото"Првата помош спасува живот" во СОУ „Методи Митевски - Брицо" - Делчево

Целта на оваа кампања е да се едуцираат поголем број на ученици и наставници со основните вештини по прва помош.

Наставниот и стручниот кадар од нашето училиште и обучувачите од Здружението на граѓани РУБИКОН Скопје, на 7 и 8 февруари реализираа интерактивни работилници. Низ отворен, поттикнувачки пристап беа опфатени теми за превенција, препознавање и справување со различни форми на врсничко насилство. Преку споделените искуства се овозможи зајакнување на вештините и компетенциите кај учесниците.

Активности на проектот „Сите во акција за безбедни училишта“ се реализираат со поддршка на Механизмот за граѓанска отпорност (МГО), во рамките на проектот „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“ што се финансира од ЕУ.

## *” Проект,, Фискална едукација на младите”*

Даноците се лесно четиво, доколку го научиш!

Преку проектот „Фискална едукација на младите“, средношколците од четврта година имаа можност да добијат појасна слика за тоа што претставува данокот и која е општествената корист од плаќањето на даноците.

Проектот се спроведува во рамките на образовниот систем како најповикан и најсоодветен сегмент на општеството за едукација и воспитување на младите.

Проектот „Фискална едукација на младите” има за цел:

- Подигнување на даночната култура;
- Зголемување на свеста и знаењето на младите;
- Подобрување на даночната навика кај граѓаните;
- Стекнување на основно знаење на младите за даночниот систем;
- Стекнување на стручно знаење на учениците од средните училишта.

Спроведувањето на обуките е по добиената согласност од Министерството за образование и наука - Биро за развој на образованието.

## Настан организиран од Ученичката заедница во училиштето

На ден 14.02.2024г. во училишниот хол беше исполнет со позитивна енергија и многу љубов, организиран од Ученичката заедница во училиштето.
,,Љубовта е пријателство кое ја компонира најубавата музика ".

## Дебата за Денот на мајчиниот Македонски јазик

На ден 23.02.2024г нашите ученици дебатери, организираа јавна дебата и го одбележаа Денот на Мајчиниот Македонски јазик. Да зборуваш на чист македонски јазик е привилегија која му припаднала исклучиво на македонскиот народ.

Нашите ученици зборуваа на македонски јазик, плетеа облека од мисли, бранеа свои мислења но и свои лични ставови на теза: “Овој дом верува дека употребата на туѓи зборови треба максимално да се намали”

## Регионален натпревар по математика

На 2 март (сабота) нашето училиште беше центар во источниот регион - училиште домаќин на регионалниот натпревар по математика.

На едно место беа собрани триесет и шесте најдобри математичари од регионот од седум средни училишта: ОСУ ,,Ацо Русковски" Берово, СОУ „Методи Митевски- Брицо“ Делчево, СОУ " Коста Сусинов" Радовиш, СОУ "Славчо Стојменски" Штип, СОУ " Коле Нехтенин" Штип, СОУ „Љупчо Сантов“ Кочани, СОУ" Гошо Викентиев " Кочани. Успехот на учениците е успех и за нивните ментори.

Упатуваме благодарност до координаторот на регионалниот натпревар, проф.по математика Роза Стаменковска и до сите професори и вработени кои несебично се вклучија во организацијата, подготовките и реализацијата на натпреварот.

## Недела на борба против ракот под мотото ,, Рната детекција спасува живот’’

Согласно календарот на традиционални активности на Црвен крст на Република Северна Македонија од 01 до 08 март 2024 година се одбележува Неделата на борба против ракот под мотото ‘‘Раната детекција спасува живот,,.

Ракот е епидемија на нашето време или како што многу го нарекуваат – болест на цивилизацијата. Во Република Северна Македонија, секоја година се откриваат околу 6.000 нови случаи на заболени од рак. Овие бројки се навистина застрашувачки и алармантни.

За таа цел ООЦК Делчево одржа едукативно предавање на учениците од СОУ „Методи Митевски - Брицо" -
Делчево од страна на обучени врснички едукатори.

## UPSHIFT Bootcamp-од циклусот Воздух

Во периодот од 5.03 до 8.03.2024г.UPSHIFT Bootcamp-от циклус ВОЗДУХ од нашето училиште учествуваат учениците Алексов Милан, Горѓиевски Андреј, Златковска Марија, Мавродиева Ана и Тренчовска Јована со нивниот ментор Роберт Цветковски.

## Светски ден на бубрегот

,,Бубрегот е огледало на твојата вистинска возраст ". На ден 14.03.2024г. во училиштето се одбележа Светскиот ден на бубрегот. Претставници од П.З.У.Диамед - Македонија, Центар за дијализа од Делчево, кои се членки на Diaverum групација, на учениците им оддржаа едукативно предавање за важноста на бубрежното здравје и превенција и рано откривање на бубрежните болести.

## Меѓународен ден на математиката- Пи ден!

Денот на Пи се слави на 14 март (3/14) низ целиот свет. Пи (грчката буква „π“) е симболот што се користи во математиката за да претставува константа – односот на обемот на кругот до неговиот дијаметар – што е приближно 3,14159.

Пи е пресметан на над 50 трилиони цифри над неговата децимална точка. Како ирационален и трансцендентален број, тој ќе продолжи бесконечно без повторување или шема.

## 21 Март- Светскиот ден на поезијата

21 Март – Светскиот ден на поезијата, прогласен од УНЕСКО во 1999 год. Овој празник ја прославува поезијата како најблагородна цивилизациска креација, како најмоќен израз на слободата на човековиот дух, во сите негови културни, јазички и духовни посебности. Негова цел е да го промовира читањето, пишувањето, објавувањето и предавањето поезија низ целиот свет. По тој повод учениците: Сара Ангелова, Искра Георгиевска и Вања Ѓеоргиевска пред учениците имаа поетско читање на извадоци од најистакнатите македонски поетски дејци и реферат за важноста на поезијата како една од најблагородните и возвишени уметности на пишаниот збор. Беше потенцирано и значењето на „Струшките вечери на поезијата“ како еден од најзначајните светски поетски фестивали. Координатор на активноста беше Весна Соколовска – професор по македонски јазик и литература.

## Интерактивен настан што се одржа во Градски парк Скопје

На ден 21 Март, во рамките на интерактивниот настан што се одржа во Градски парк Скопје, над 60 млади иноватори и климатски активисти ги промовираа своите локални иницијативи за климата и животната средина развиени преку програмите UPSHIFT и Младински иновациски кампови. Од нашето училиште со својот иновативен проект се претставија ученицие Ева Ивановска, Стефанија Ќурчиска, Леонора Жежовска и Ева Стоименовска.

Исто така, тие се вклучија во младинските консултации на УНИЦЕФ за да ги идентификуваат приоритетните области што треба да бидат опфатени во стратегијата за климатски промени на УНИЦЕФ.

## Натпревар за ,, НАЈДОБРА БИЗНИС КОНЦЕПТ ЗА ЗЕЛЕНИ ИНОВАЦИИ -2024 година.

На ден 23 Март во Скопје беше организиран натпревар за „НАЈДОБАР БИЗНИС КОНЦЕПТ ЗА ЗЕЛЕНИ ИНОВАЦИИ - 2024 година“ за учениците од сите средните училишта во нашата држава. Од нашето училиште со проектот Eco brick учествуваа учениците Лука Стоименовски, Ива Цонева, Марија Салтировска и Кристина Ѓеоргиева, под менторство на професорките Марина Синадиновски и Даниела Мијалчова. Од вкупно 33 поднесени апликации нашиот тим влезе во најдобрите 8.

Натпреварот е во организација на Центарот за извонредност во зелени иновации, Машинскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје и Националниот центар за развој на иновации и претприемачко учење, заедно со партнерите Македонија2025 и Халкбанк АД Скопје, а поддржано од проектите GREENOVET и WBC-RRI.NET Embedding RRI in Western Balkan Countries .

## Светски ден на театарот

На ден 27 март се одбележува Светскиот ден на театарот. Театарот е волшебна уметност која останува, опстојува и пркоси на просторот и времето и овозможува да се поттикне желбата за нешто ново и поинакво од дигиталниот свет.

Театарот е отворена врата за секоја нова генерација која се стреми да се надградува, да открива… Денес како на вистински актери, сцената во СОУ,, Методи Митевски Брицо" беше театар и отворена врата за нашите храбри, авангардни и креативни ученички: Софија Ангелова, Андреа Димитровска, Радмила Стоименовска, Теона Златкова, Ивана Ѓеоргиевска, Ива Алексова, Ева Ивановска, Леонора Жежовска, поддржани со музичка изведба од Ивана Цветковска Среброва и водител Сара Петровска , а под менторство на професорката по латински јазик Билјана Ивановска. Премиерно пред учениците од училиштето ја изведоа драмата ,, Скржавец" или ,, Грне" од римскиот комедиограф Плаут.

Да се прави театар значи да се фрли светлина на сцената од нашиот секојдневен живот. Таа светлина денес ја видовме во очите и насмевките на нашите ученици а задоволството беше неизмерно после громогласниот аплауз кој ни докажа дека сме успеале во нашата мисија.

Благодарност до нашите актери, таленти.

## Работнилница МОФ и УНФПА на тема ,, Решавање конфликти, младински активизам Делчево’’

На ден 27.04.2024г. во нашето училиште се организира работилница од МОФ & УНФПА на тема ,, Решавање конфликти, младински активизам во Делчево" со ученици од нашето училиште.

Работилницата имаше за цел да поттикне позитивен пристап кон конфликтите, како истите да бидат преобразени во можност за раст и учење, како да се подобри меѓусебното разбирање и способностите за соработка со кои учениците можат да навлезат во различни перспективи за решавање на конфликтот. Работилницата создава сигурен простор за изразување и учење, со цел да ги поддржи учесниците во нивниот личен и професионален развој.

Координатори на активностите беа Никола Марковски( поранешен наш ученик) и Андреј Ѓеоргиевски ( ученик во IV 1 клас). 🗣Тие преку игри и дискусија ги поттикнаа младите како да дејствуваат, да бидат поактивни во општеството и да наоѓаат потенцијални решенија за решавање на конфликти.

## ’’ Настан ,, да ја прославиме Франкофонијата’’

Во организација на фондацијата Bel idéal чиј основач е наша сограѓанка која живее во Швајцарија, Јадранка Бојковска, во Делчево се одржа настанот „Да ја прославиме Франкофонијата“.

Нашето училиште на настанот учествуваше Анастасија Ќурчиска со изведба на песната ,,A fleur de tou" под менторство на проф. по француски јазик Лидија Антовска. Гласот и изведбата на Анастасија ги разнежни срцата на присутните и претставуваше вистинска терапија за душа и тело . Од фондацијата Bel idéal беше наградена со медал, благодарница и еднонеделен летен камп во Охрид.

Овој настан претставува патување на Франкофонијата низ Македонија, а на истиот учествуваа 117 ученици од 8 градови и 11 училишта од цела Македонија.

Беше интересно и убаво да се гледа како тие го зборуваат францускиот јазик низ игра и забава.

На настанот присуствуваше и амбасадорот на Франција во РСМ, Сирил Бомгартнер кој рече дека Франкофонијата не е само францускиот јазик, туку и споделувањето заеднички вредности.

Настанот се организира поповод 20 Март- Меѓународниот ден на Франкофонијата. Франкофонијата е францускиот јазик, но не само тоа, туку тоа подразбира и споделување на заеднички вредности, тоа 0се човековите права, слободата односно тоа се вредности кои се поважни повеќе од кога и да е. Насекаде во земјата има основни и средни училишта каде одреден број ученици го учат францускиот јазик и токму поради тоа Франкофонијата живее во нас.

## МСУ во посета на средните училишта во Македонска Каменица, Берово и Делчево

Меѓународен Славјански Универзитет продолжи со своите посети на средните училишта низ државата. На 29. март 2024 година беа остварени средби со матурантите од Македонска Каменица, Берово и Делчево, на кои се разговараше за можностите што ги нуди универзитетот. Нашиот тим ги посети СОУ „Методи Митевски - Брицо" - Делчево, СОУ ,,Миле Јаневски Џингар” - Македонска Каменица и ОСУ „Ацо Русковски“ - Берово.

Нашиот тим сподели информации за можностите кои ги нуди МСУ, со цел да ги мотивира младите луѓе да го продолжат нивното образование. Целта на средбите не е само да се информираат учениците за широкиот спектар на студиски програми, иновативните учебни методи и динамичниот студентски живот, но и да им се покажат можностите кои високото образование ги нуди за нивниот личен и професионален развој. Акцентот беше ставен и на значењето на образованието во модерното општество, како основа за развивање на критичко мислење и адаптација на брзите промени во светот.

Со нашите активности годинава сакаме да истакнеме дека продолжувањето на образованието е од суштинско значење за секој млад човек кој сака да гради успешна кариера и да придонесе кон општеството на позитивен и продуктивен начин. Високото образование обезбедува знаење и вештини за специфични професии и истовремено го поттикнува личниот раст.

## Одржана работилница за млади од областа на

## *младинско учество, инклузија еднаквост и доверба!*

На ден 27.03.2024г. во Конференциската сала во СОУ „Методи Митевски - Брицо" - Делчево, се одржа првата работилница за млади на тема „Млади и Конфликти: Стекнување на вештини за мирно решавање“, на која предавачи беа Никола Марковски и Андреј Ѓоргиевски.

Преку интерактивни вежби кои имаа за цел да поттикнат позитивен пристап кон конфликтите, учесниците стекнаа нови вештини за како да ги преобразуваат конфликтите во можност за раст и учење. Дополнително, тие научија како да го подобрат меѓусебното разбирање и способност за соработка со кои ќе можат да навлезат во различни перспективи за решавање на конфликтот. Работилницата обезбеди простор за изразување и учење, со цел да ги поддржи учесниците во нивниот личен и професионален развој.

Обуката ја организиравме во рамки на регионалниот проект „Млади за инклузија, еднаквост и доверба“, кој го спроведуваме во партнерство со Фондот за население на Обединетите нации - УНФПА.

## *Наградата најГЛАСни*

Наградата НАЈГЛАСНИ во рацете на УЗ од СОУ,, Методи Митевски Брицо " Делчево.

Во тридневната обука нашите претставници од Ученичката заедница, Сара Ангелова, Вања Ѓеоргиевска и Лука Стоименовски работеа на размена на своите искуства и начин на финкционирање, се запознаа со главните цели и механизми на средношколско учество, ги претставија предизвиците со кои се соочуваат, креираа решенија за предизвици со кои се соочуваат ученичките заедници, изработуваа акциски план, подготовка на презентација, Team Building активност за тимска координација...

На третиот ден од настанот тие ја претставија работата на нашата ученичка заедница пред жири комисија и токму ним им припадна наградата најГЛАСни!

НајГЛАСни е прва и единствена награда за средношколско учество во нашата земја. Наградата ја добива една ученичка заедница која најмногу демонстрира активност и посветеност кон унапредување на училишната демократија

Наградата за ученичко учество најГЛАСни! ја доделуваат LEAD, Фондацијата Конрад Аденауер, Сојузот на средношколци и Агенција за млади и спорт.

## *Шестдневна завршна научна екскурзија во Република Италија*

Учениците од трета година беа на шестдневна завршна научна екскурзија во Р.Италија.ıт Според програмата во следните денови учениците уживаа во културно-историските знаменитости во Милано, Портофино, Пиза, Монтекатини, Фиренца, Рим и Венеција.

## *15-ти Април патрон празник на нашето училиште*

15 Април, патрон празник на училиштето – празник на младоста, трудот и успехот, празник на генерациите и поединците кои учеле, учат и ќе учат во „Методи Митевски – Брицо “.

По повод 100 години од раѓањето на нашиот патрон и 63 години од постоењето на СОУ„ Методи Митевски Брицо " , Со најдлабока почит кон делото на Брицо, на полагање свежо цвеќе пред неговата биста во дворот на училиштето се одржа, со почеток во 10.00 часот.

Бројните генерации ученици, нивните родители и професорите се гордееле, се гордеат и ќе се гордеат со името, и со полно право и голем пиетет го негуваат и се потсетуваат на делото на својот патрон. Да се потсетиме на делото на нашиот сограѓанин и тоа да не мотивира и води сите да работиме добро во ова време кога е најважно да учиме за животот, да ја разбереме неговата вредност и неговата важност.

Методи Митевски – Брицо е роден на 15 април 1924 година во Царево Село (денешно Делчево), од татко Зафир и мајка Зуица. Босоногото детство го поминал со својата сестра Фруска и братот Ѓорѓи во безгрижни игри со децата по маалските сокаци околу Црквата и Касарната и покрај Брегалница.

Основно четиригодишно училиште завршил во родното село, прогимназија и гимназија до седми клас во Штип, а осмиот клас и матурата во Горна Џумаја (денешен Благоевград). Вонредно студирал на Правниот факултет во Скопје и е еден од првите дипломирани правници од Пијанечко-малешевскиот крај.

По окупацијата заминува во Горна Џумаја по налог на Вера Ацева и Окружниот комитет на КПЈ, со задача да воспостави врски со тамошното движење на отпорот против фашизмот и со партиските организации и партизанските одреди од Пиринска Македонија. Тука, исполнувајќи ја партиската задача ја запознава Мара Меѓдуречка, а преку неа и, големиот скулптор Крум Дерменџиев (автор на спомениците на Гоце Делчев во Благоевград и на Јане Сандански во Мелник) и бил чест гостин во нивниот дом, недалеку од Гимназијата „Св.Кирил и Методиј„ во која учеле и двајца помлади браќа на уметникот (загинати во борбите со фашистите кај селото Звегор). Од нивната мајка Петра, Брицо љубопитно ги слушал легендите за подвизите на македонските ајдути и комити по Пирин, на солунските атентатори и на славниот војвода Јане Сандански. Тогаш се заветил ако некогаш се ожени и има син дека ќе го крсти Јане, во спомен, слава и чест на легендарниот пирински цар. Заветот по неколку години го исполнил и на својот син – првата рожба со жена му Вера и го даваат името Јане. Тој (неколку години по смртта на Брицо) извесно време беше ученик во гимназијата во Делчево, именувана по татко му.

По завршувањето на Гимназијата, Методи Митевски е регрутиран во бугарската армија и рокот го служи во родот пешадија при авијацијата во Горна Ореховица. Продолжува со илегална антифашистичка дејност и паѓа во затвор, но поради недостиг на докази е ослободен. За време на краткото отсуство, дезертира и стапува во врска со партизаните. Преку Голак ќе се најде на Плачковица и подоцна во Бригадата во Митрашинци. Од главниот штаб на НОВ и ПОМ добива и со успех ја исполнува задачата да го придружува стариот гемиџија, виден деец на ВМРО, револуционерот Павел Шатев, кој држи митинзи во Крупник, Пехчево, Тработивиште, Град, Царево Село и низ други места ширум Македонија. Павел Шатев подоцна ќе стане министер за правда и близок соработник на Методија Андонов – Ченто, а Брицо ќе продолжи да одржува контакти со него и се обидува да му помогне кога паднал во немилост.

Во периодот по ослободувањето Брицо е на партиски и државни раководни функции во Делчево, Берово, Штип и Битола. Избраницата на своето срце – Вера со која се оженил ја запознал и засакал во Битола. Во бракот родиле три деца: синот Јане и ќерките Весна и Мила. Со својата трудољубивост, посветеност на обновата и изградбата на татковината, Брицо кај широките народни маси стекнува голема популарност, а меѓу републичките и сојузните раководители висок авторитет. Гради метеорска политичка кариера: биран е за пратеник во Народното собрание на Македонија и во Сојузната скупштина на ФНРЈ, бил министер за земјоделство, генерален секретар на владата, потпретседател на Извршниот комитет на ЦК и на Владата на НРМ. Бил близок соработник со Лазар Колишевски, а ги освојува и симпатиите на маршалот Јосип Броз – Тито.

Брицо бил избран за претседател на Комисијата за изработка на преднацртот на Уставот на НРМ. Во тоа својство кон крајот на летото со другите членови на Уставната комисија интензивно работи на највисокиот државен акт на Македонија во Титовата вила во Охрид. За жал таа задача ја оставил недовршена. На 17 септември 1962 година, трагично го загубил животот во водите на Охридското езеро, под неразјаснети околности.

Веднаш по неговата прерана смрт (имаше само 38 години) и официјалната верзија (се удави во несреќен случај во водите на Охридското езеро), се појавуваат шпекулации и сомненија, кои не се ниту потврдени, ниту демантирани до денешни дни.

Закопан е во Алејата на великаните на градските гробишта Бутел во Скопје, со највисоки државни почести, а меѓу првите од многубројните телеграми на сочувство до неговата сопруга се и од највисоките републички и сојузни партиски и државни раководители на Македонија – Лазар Колишевски и на Југославија – Јосип Броз Тито. Во знак на признание за неговите заслуги многу улици, плоштади, стопански организаци, спортски клубови и училишта во Македонија го носат неговото име.
За овој свет, еден и единствен, треба се да сториме, само тој го имаме.

## *Патрониот празник на нашето училиште и прославиваме 100- години од раѓањето на нашиот патрон*

Со пригодна свеченост го одбележавме Патрониот празник на училиштето и прославивме 100- години од раѓањето на нашиот патрон, истакниот делчевски првоборец и организатор на НОБ, Методи Митевски-Брицо, како и 63 години од постоењето на делчевската гимназија.

Одбележувањето на патронот започна во петок, 12 април најпрво со спортски натпревари во училишната сала а потоа со свечена академија која се оддржа во конгресната сала во училиштето. На денот на раѓањето на нашиот великан, пред споменикот на Брицо во училишниот двор се поклонија и положија свежо цвеќе делегација од Општина Делчево, делегација од СОУ „М.М.Брицо“, како и делегации од институции од Делчево и од партнер училиштето 7 СОУ,, Кузман Шапкарев" од Благоевград, Р. Бугарија.

Свечената академија ја отвори Директорката на училиштето г-ѓа Дијана Цонева со обраќање кон присутните.

Средното општинско училиште „Методи Митевски Брицо“ како што додаде таа низ годините прерасна во воспитно образовна институција со воспоставен систем на демократски вредности кои се рефлектираат преку здрава, безбедна, дисциплинирана и стимулативна средина за учење.

-Ние градиме здрава иднина со нашите знаења и умеења, станавме училиште со современ образовен систем. Заеднички се движиме кон реализирање на нашата визија да создадеме ефективно и модерно училиште во кое ученикот и неговите потреби ќе бидат во центарот,преку интерактивна соработка меѓу учениците, наставниците и родителите. Да опстоиме како училиште со здрава клима и пријатна атмосфера за работа во кое ќе создаваме личности со високи вредности кои ги знаат своите права и одговорности, ќе го негуваме меѓусебното почитување и толеранција и ќе градиме взаемна доверба и почит. Нека јубилејот 100 години од раѓањето на М.М.Брицо ни биде поттик да издржиме и да бидеме посилни, да докажеме дека секое зло со добро се победува. Честит патрон празник училиште наше, додаде Цонева.

Програмата ја збогатија нашите ученици со помош на нивните професори- ментори. Настапи училишниот хор при гимназијата, шансони на француски и италијански јазик, театарска претстава, модна ревија, ликовна изложба, презентација на ученичката заедница од СОУ ,,М.М.Брицо, чиј тим е избрана за ,,Најгласни” во унапредувањето на училишната демокрарија. Исто така беа прочитани и наградените творби од литературниот конкурс по повод 100 години од раѓањето на Брицо, како и сите наградени ученици на регионалните и државните натпревари.

На 15 април по положувањето на свежо цвеќе, во училишниот хол беше организиран свечен коктел за присутните од страна на учениците од хемиско-технолошката струка, прехранбен техничар. Таму излагање за животот и делот на Брицо имаше г-дин Васил

Маневски, новинар во пензија. Тој истакна дека во тек е изработка на монографија за Брицо. Нека ни е частит Патрон празникот на училиштето.

## *Светски ден на културното наслетство*

На ден, 18 Април е Светски ден на културното наследство.

Во одбележување на денот наши ученици од втора година - гимназиско образование со професорката по латински јазик Биљана Ивановска, беа во посета на Музејската поставка ,, Пијанец" сместена во Спомен домот АСНОМ во Делчево.

Застанати пред експонатите сосема јасно се гледа дека питомата Пијанечка котлина била место каде луѓето ги согледале поволните услови за живот уште од праисторијата и континуирано го населуваат овој простор се до денес. Археолошките предмети се само дел од големото археолошко богатство а натамошните истражувања ќе ја збогатат оваа археолошка збирка и ќе дадат значаен придонес за археолошката наука во нашата земја и пошироко.

Културното наследство е израз на начин на живот кој го развива една заедница и кој се пренесува од генерација на генерација, вклучувајќи ги обичаите, вредностите, местата, предметите и уметничките изрази. Културата и нејзиното наследство ги рефлектираат и обликуваат верувањето, вредностите и аспирациите, со што се дефинира народниот идентитет на луѓето. Важно е да се зачува нашето културно наследство, затоа што тоа го чува нашиот интегритет како народ.

Културното наследство допридонесува во едукацијата на една нација, пред се во доживотното учење, преку подобро разбирање на историјата, чувството на припаѓање и го зајакнува личниот развој на секој поединец. Токму од тие причини треба секој од нас да биде свесен за огромното значење на културното наследство кое го поседуваме и не смее да дозволи културното наследство да се распадне, да пропадне или да се уништи.

## *Иновацискиот Bootcamp во Струга*

Втор ден од иновацискиот Bootcamp во Струга во рамките на третиот циклус од програмата UpShift. Тимот од нашето учичиште: Ива Анакиевска, Борче Николовски, Леонора Жежовска, Филип Постоловски и Теона Ефтимовска, со менторот Биљана Ивановска, работат на решение подготвени да се справат со штетите кои ги предизвикува сообраќајот врз воздухот.

Им посакуваме да се претставаат во најдобро светло, и да се вратат со нови знаења, искуства и победа.

Програмата UPSHIFT ја реализира Здружението Лидери за едукација, активизам и развој (LEAD) во рамки на проектот „UPSHIFT-ers for air quality“ спроведуван од УНИЦЕФ со финансиска поддршка од Шведска и Фондот за иновации и технолошки развој на РСМ.
UNICEF MK Фонд за иновации и технолошки развој Embassy of Sweden in Skopje

## *Велигденски штанд*

ПРВА награда за најдобар Велигденски штанд, оваа година сосема заслужено припадна во рацете на учениците од нашето училиште.

На традиционалната ,,Велигденска изложба 2024" во организација на Општина Делчево со свој штанд се претставија учениците од хемиско-технолошката струка, прехранбен техничар, текстилна струка и учениците од ликовната секција, од менторство на професорките: Валентина Калаџиска, Даниела Стоичова, Даниела Мијалчова и Лиле Георгиевска.

Денот беше исполнет со радост, весели и насмеани лица како и креативни, вкусни и

интересни производи.

## *Посета на современата пречистителна станица за вода во с. Тработивиште*

На ден 13.05.2024 г. учениците од III-6 клас хемиско-технолошката струка, прехранбен техничар, во рамките на наставната програма по предметите Инструментални анализи и Контрола на производни процеси со професорите Стојка Даневска и Дејан Златков, ја посетија современата пречистителна станица за вода во с. Тработивиште.

## *Манифестација,, Последно ѕвонше- први патеки''*

Учебната 2023/24 полека се приближуваше до својот крај, но за учениците од СОУ „Методи Митевски – Брицо“ од Делчево тоа е само уште еден поттик да работат, да учат уште повеќе и да ги покажат своите таленти.

Имено, во пресрет на Денот на сесловенските просветители, а по повод уште една успешна учебна година, година со многу награди, признанија и плакети од сите воспитно-образовни сфери, учениците ја организираат манифестацијата која симболично ја нарекоа „Последно ѕвонче – први патеки“.

## *Драма ,, Бегалка'' од Всил Иљовски*

Нашите ученици под менторство на професорите Елена Ѓеориевска и Никола Јанакиев неколку месеци ја подготвуваа драмата „Бегалка“ од Васил Иљоски, а истата беше премиерно изведена на 22 мај 2024 година, во 19.00 во просториите на Спомен-дом АСНОМ.

На овој настан исто така беа доделени и пофалници на ученици од секцијата Хор и оркестар за нивното залагање и придонес.

## *Првенец на генерацијата од завршните класови*

Магдалена Георгиевска, ученичка од 4-2 клас во СОУ „М.М.Брицо“, прогласена за првенец на генерацијата од завршните класови. Ова е одлуката на Комисијата составена од професори од училиштето која ценејќи ги постигнатите резултати и успех во досегашното образование, го одбра првенецот на генерацијата од завршните класови, како и најдобрите 10 матуранти кои ќе добијат наградно патувањето низ Европа, награда која традиционално ја доделува Општина Делчево на 10-те најдобри матранти во СОУ „М.М.Брицо“.

По претходно спроведена постапка, критериуми, утврдени во Правилникот за истакнување , пофалување и наградување на ученици од страна на Комисијата формирана за таа цел во СОУ „М.М.Брицо“ беа избрани следните ученици:

1. **Магдалена Георгиевска, ученичка во 4-2 клас**
2. **Дамјан Маневски, ученик 4-2 клас**
3. **Симона Ќурчиска, ученичка во 4-1 клас**
4. **Ина Мишева, ученичка во 4-2 клас**
5. **Ива Ивановска, ученичка во 4-2 клас**
6. **Теодора Тодоровска, ученичка во 4-2 клас**
7. **Филип Петровски, ученик во 4-1 клас**
8. **Дариа Спасевска, ученичка во 4-2**
9. **Милена Ордева, ученичка во 4-2 клас**
10. **Горјан Малешевски, ученик во 4-2 клас**

## *Проект,, промоција на безбедна училишна средина*

Работилница со наставниот кадар и стручната служба во нашето училиште во рамки на проектот,, ,,Промоција на безбедна училишна средина " подржан од Детската Фондација Песталоци на тема,, Развивање на функционална и применлива политика за заштита на децата од злоупотреба и насилство".

## *Отворен ден на нашето училиште!*

На ден **27.05.2024**година вратите на нашето училиште беа отворени за деветтоодделенците од двете основни училишта во општина Делчево. Учениците беа топло пречекани од нашите средношколци и професорите. Беа презентирани подрачјата кои ги нуди гимназиското образование како и наставните средства и помагала по предметите биологија🫀, хемија и физика.

Во кабинетот за практична работа од текстилната струка се запознаа со начинот на изведување на практичната настава а се стави акцент и на моделирањето и дизајнирањето.

Од учениците од хемиско-технолошката струка за добредојде беа подготвени вкусни и креативни колачи, кифли, кроасани...
Учениците посетија и дел од наставните часови.

Драги основци! ,,Каде во средно"? Ова е за Вас сега најчестото прашање, направете го вистинскиот избор - СОУ , Методи Митевски Брицо "во Делчево. Ви нудиме квалитетна настава во чиста и безбедна средина за учење. Ги развиваме вашите потенцијали, Ве градиме во личности достојни за општеството.

Драги основци, нашите врати се отворени за Вас и секое ваше прашање или дилема.

## *Литературен конкурс*

На литературниот конкурс од нашето училиште беа наградени ученичките:
Сара Ангелова II3 клас прво место
Ева Ивановска III2 клас второ место
Искра Георгиевска I2 клас второ место.
Честитки до ученичките и нивните ментори.
Негувајте го нашиот убав македонски јазик , нашите корени, нашето богатство...

## *Јавен настан организиран од ЛЕАД*

Ко-менаџмент е принцип на споделено донесување на одлуки. Во изминатите 10 месеци во 10 училишта се пилотираше овој концепт, а во наредната година во дополнителни 2 училишта ќе биде спроведен.

Денес во Скопје како претставници од ученичката заедница учениците Сара Даме и Анастасија, земаа учество на Јавниот настан организиран од ЛЕАД, Панел дискусија за моделот на споделено донесување одлуки во средните училишта-пречка или можност. Поддршката на ученичкото учество и вежбањето демократија во средното образование е една од стратешките определби на организацијата!

## *Драмска претстава*

Одржана драмска претстава на нашите ученици во Дом на култура ,,Јане Сандански" - Пехчево.

Нашите ученици под менторство на наставниците Елена Ѓеоргиевска и Никола Јанакиев приредија уште една успешна драмска претстава која ги воодушеви сите присутни. Младите актери се претставија ,,Бегалка" од Васил Иљоски.Настапот, одржан во Пехчево привлече многубројна публика. Актерите блескаа на сцената со својот талент и енергија, а динамичните дијалози и хумористичните моменти предизвикаа бурни аплаузи.

Со две успешни претстави зад себе.

## *Предавање и презентација на која серазговараше за здравиот начин на исхрана кај учениците*

На ден 06.06.2024година во училиштето се одржа предавање и презентација на која се разговараше за здравиот начин на исхрана кај учениците.

Работилницата е во организација на Здружението,,Аронија" од Делчево во рамки на проектот ,,Направи разлика, направи промена".

**Покрај предавањето учениците имаа можност сами да приготват вкусни и здрави оброци, да дегустираат, да пробаат нешто што секојдневно го консумираат но подготвено на друг**

Под мотото „Учи паметно, работи стручно“ беше направена кампања за промоција на средното стручно образование, која ја спроведува МОН со подршка на Швајцарската амбасада во Скопје. На оваа средба беше потенцирано дека МОН активно работи на подобрување на средното стручно образование со цел да се креира квалификуван кадар кој ке одговара на потребите на пазарот на трудот, но и да се зголеми можноста за вработување на младите. Со овој проект компаниите можат да земат активна улога во целиот процес со давање на предлози, сугестии и мислења како да се унапреди образовниот процес, кои наставни профили е потребно да се отворат во училиштата, кои се областите каде што компаниите делуваат. во нашиот град е отворена дуална паралелка за хемиско-технолошката струка каде сите ученици добиваат стипендии од МОН а во партнерство со комбинатот „Рудине М М“покрај наставата во училиштето, се одржува настава и во компанијата со која училиштето има потпишано Меморандум за соработка. Исто така за првпат учениците од текстилно-кожарската струка добиваат стипендии од фирмите со цел развој и квалитет на стручното образование .

### *Дрогата, царство на злото*

Училиштето преставува втор дом на детето, институција каде што тоа се образува и се воспитува, а во ситуации кога семејството не посветува доволно внимание на социјализацијата, училиштето треба да го надополни пропуштеното. Тоа подразбира ставање посебен акцент на воспитниот процес на училиштето од страна на наставниците. Денес, во време на кризи, слабеење на моралните норми и вредности, слабеење на семејната кохезија, зголемен процент на социопатолошки појави, а посебно зависноста од дрога, неминовна е улогата на училиштето како фактор во борбата против девијантните појави. Посебно е потенцирано значењето на училиштето во сузбивање на зависноста од дрога, бидејќи зависниците почнуваат да злоупотребуваат дрога на свои 13-14 години, периодот на адолесценција и времето

кога детето голем дел од своето време го поминува на училиште и со своите врсници, кои најчесто се негови соученици и оттаму произлегува значајноста на училиштето во борбата против зависноста од дрога.

Имајќи ја предвид ситуацијата дека зависноста од дрога во последните десетина години кај нас е сè поприсутна, пред сè меѓу школската популација и младината, нашето училиште се обидува активно да се вклучи во спречување и во сузбивање на оваа појава на разни начини. За таа цел, во нашето училиште на се одржа заедничка обука на тема "Нелегални дроги" за учениците и нивните родители организирана од страна на претставници на ОВР Делчево. Обуката имаше превентивен и едукативен карактер, се со цел младата популација (учениците од училиштето), како и нивните родители да бидат запознаени со најчестите причини и опасности од користење и употреба на дрога.

Исто така, преку презентацијата, на присутните ученици и родители им беше укажано за штетните последици (здравствени, психолошки, семејни, социјални, училишни и финансиски) кои настануваат при употребата на дрогата, законските одредби на Кривичниот законик на Р.Македонија и санкции за лицата кои ги чинат овие кривични дела. Целта на обуката е јакнење на превентивната улога на полицијата преку проактивен пристап-соработка со заедницата, да се зголеми превенцијата околу злоупотребата на дрогите и личната заштита на најмладата популација.

***За мајчиниот јазик***

Јазикот е културно наследство во кое што се обединува духовната и материјалната култура на човештвото. Мајчините јазици, исто како и јазичната разноликост, се исклучително важни за идентитетот на секоја индивидуа. Како извори на креативност и алатки за културно изразување, тие се подеднакво важни за здравјето на општествата. Јазиците се посебно важен развоен фактор и фактор за соработка. Знаеме колку е важно образованието на мајчин јазик за самите резултати при учењето. Учењето на мајчиниот јазик е моќна алатка во борбата против дискриминацијата и за подем на маргинализираните популации. Како неисцрпни вругоци на знаење, јазиците се воедно и појдовни точки за поголема трајност на развојот, за похармонично менаџирање на нашите односи со околината и со промената.

На 30. сесија на Генералната конференција во 1999 година, УНЕСКО го прогласи 21 февруари за Меѓународен ден на мајчиниот јазик и од наредната 2000 година беше промовиран во Ден на лингвистичка и културна разновидност и мултилингвизам.

Датумот е избран во спомен на трагичните демонстрации на студенти од Универзитетот во Дака, кои како учесници на бенгалското јазично движење биле убиени од полицијата на 21 февруари 1952. Протестот бил против одлуката на владата на новоформираната држава Пакистан во 1948 – урду да стане единствен официјален јазик во земјата која била поделена на голем број етнички и лингвистички групи, а најголем број од жителите биле Бенгали со мајчин бенгалски јазик.

## ***ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ И КУЛТУРА НА ЖИВЕЕЊЕ***

Во училиштето посебно се обрнува внимание на грижата за здравјето на учениците и за хигиенските и културно-естетските услови за живот и работа во училиштето.

Сите ученици од прва и четврта година се опфатени со систематски прегледи и извршена е вакцинација на учениците од завршните паралелки, а во почетокот на наставната година извршен е систематски преглед на наставниот кадар .

За заштита и унапредување на здравјето на учениците беа планирани и реализирани повеќе предавања на часот на раководителот на паралелката, разговори на педагогот со учениците, разговори и предавања на часовите по биологија,социологија, граѓанско образование и спорт и спортски активности.
Правени се напори за одржување на хигиената во училиштето во тоалетите за кои може да се рече дека целосно задоволуваше.

## *Планината – најдрагото училиште на децата!*

Планинарството за човекот во денешно време е најздрава физичка активност која се одвива во природа. Терминот планинарство е само поширок поим за бројни активности и спортски активности и спортски дисциплини кои потпаѓаат под планинарство, а тоа се : разни излети и посети на лесно пристапни планини, високогорство, спелеологија, горски служби за спасување,водечка служба(водачи), спортска ориентација, скијање, планинарски трансверзали алпинизам и спортско качување. На сите овие активности заедничо им е планината. Со која од овие активности ќе се бави некој зависи од неговите околности, физичките способности, материјални можности и од местото на живеење. Планинарството претставува релаксација од психичките напори што човекот ги доживува на работното место и градските бучави предизвикани со брзото темпо на животот. Да се бави со планинарење, значи да се запознаат убавините на татковината, да се збогатуваат чувствата. Тоа бара од човекот и одредени напори, кои не претставуваат опасност за организмот ако се во разумни граници. Денес,пред 43 најзаинтересирани средношколци од СОУ Методи Митевски Брицо Делчево, како лиценциран планинарски водич при ФПМС и претседател на ПСК ГОЛАК Делчево – Љупчо Чучуковски, реализираше презентација од областа на планинарство.
Презентацијата се состоеше од три дела :
1.Што е планинарство како и сето она кое е потребно за планинарство.
2.Гледање на два видео клипа од планинарството.
3.Формирање на младинска секција при ПСК ГОЛАК Делчево.
Средношколците беа навистина заинтересирани и се надевам дека во наредниот период ќе почнеме да организираме младинско-планинарски акции нормално проследени со добри резултати.

## *Програма-Еразмус +*

Во рамките на програмата ЕРАЗМУС +, поддржана од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, ќе се реализира проект од клучна акција 1- КА122-ВЕТ-Краткорочни проекти за мобилност на ученици и вработени/кадар во полето на стручно образование и обука. По тој повод ,учениците од СОУ„М.М-Брицо“-Делчево престојуваат во Стара Загора,Р.Бугарија , во периодот од 18 септември до 01 октомври. Првиот ден, беше предвидено воведна сесија за определување на образовните цели и очекувањата на учесниците во проектот ЧЕКОР ПО ЧЕКОР -ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ. На учесниците им беа доделени соодветни задачи, на кои одговорија беспрекорно.Потоа разгледување на знаменитости на Стара Загора.

Во проектот„ Чекор по чекор за професионален развој“ од програмата Еразмус + со практична настава и мобилност на учениците во Република Бугарија, под менторство на Даниела Мијалчова учествуваа следните ученици од текстилно-кожарската струка:

1. Антонела Костадиновска 3-6 клас

2. Синиша Димитров 2-5 клас

3. Антонио Јачев 2-5 клас

4. Елиса Мемедова 4-6 клас

5. Симон Димитров 4-6 клас

6. Валерија Ситновска 4-6 клас

7. Кристина Ѓеоргиева 2-5 клас

8. Верче Димитровска 2-5

Беа реализирани следните активности за текстилно-кожарска струка

1.Стартување преку игра за очекувањата на учениците преку учеството во овој проект

2.Разгледување на градот преку користење на мапа (заедно со учениците од хемиско-технолошката струка)

3.Изработка на кукли од волна со користење на игла

4.Учество во игра истражување на богатство преку користење на on-line апликација и запознавање на позначајните знаменитости во градот. (заедно со хемиско-технолошката струка)

5.Посета на градот Бургас (заедно со учениците од хемиско-технолошката струка)

6.Изработка на слатки и колачи од био суровини (заедно со учениците од хемиско-технолошката струка)

7.Изработка на парфеми и мириси од ароми од природата и правење на туршија без винобрани и конзерванси (заедно со учениците од хемиско-технолошката струка)

8. Еднодневна посета на средното училиште во градот Казанлак.Самото училиште имаше организирано презентација од проект Еразмус + со мобилност во Унгарија.

(заедно со учениците од хемиско-технолошката струка)

9. Посета на Музејот на розата, единствен на Балканот за производство на секакви производи од рози. (заедно со учениците од хемиско-технолошката струка)

10.Работилница за изработка на накит со помош на монистра и жица и со постапка на плетење со игла.

11. Работилница за изработки на тикви со помош на шиење и плетење

12. Посета на шивачко ателје и изработка на различни предмети

13. Работилница за предности, значење и придобивки од on-line работа (заедно со учениците од хемиско-технолошката струка)

14.Присуствувавме на настан Go Digital , go Global а настанот беше на тема: Историите на успешните on-line претприемачи раскажани лично од нив. (заедно со учениците од хемиско-технолошката струка)

Беа реализирани следните активности: за хемиско-технолошката струка

1.Во министерството за животна средина и вода се реализираше практична обука за хемиско испитување на вода и почва со најсовремени дигитални апарати во лабораториите за вода и почва, а во регионалниот инспекциски центар испитување на загаденоста на воздухот.

2.Заедно со учениците од Природно математичката гимназија „Гео-Милев” Стара Загора,нашите ученици експериментираа во хемиската лабораторија во училиштето ,

3.Се реализира работилница Интервјуирање на успешен бизнисмен од областа на фармација.кој произведува лекови на природна база од морски растенија.

4. Работилница-Истражување на интернет и презентирање на следните теми:

-адитиви во храна

- морски растенија

-хомеопатија

-спирулина

5.Присуствувавме на настан Go Digital , go Global а настанот беше на тема: Историите на успешните on-line претприемачи раскажани лично од нив.

6.Изработка на слатки и колачи од био суровини под менторство на Снежана од EMMOZIA CHOCO HOUSE.

7.Еднодневна посета на средното училиште во градот Казанлак.Самото училиште имаше организирано презентација од проект Еразмус + со мобилност во Унгарија.

8.Потоа бевме во посета на Музејот на розата, единствен на Балканот за производство на секакви производи од рози.

Во проектот„ Чекор по чекор за професионален развој“ од програмата Еразмус + со практична настава и мобилност на учениците во Република Бугарија, под менторство на Стојка Даневска учествуваа следните ученици:

1.Арнес Хајдер 2-6 клас

2. Клаудија Велинова 4-6 клас

3. Кевин Гаврилов 3-6 клас

4. Леонид Ромовски 3-6 клас

5. Никола Велинов 2-6 клас

6. Лео Манчовски 2-6 клас

7. Ѓорѓи Димитровски 2-6 клас

8. Ангел Велинов 3-6 клас

Мобилноста беше спроведена во месец септември во времетраење од 14 дена во Стара Загора Р. Бугарија. Партнер нашето училиште беше Центарот за Европски Иницијативи од Р. Бугарија

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Од предходно изнесеното може да се истакне дека голем број активности и задачи од годишната програма за работа на училиштето се реализирани и извршени со потребниот квалитет и постигнати се очекуваните цели. Реализирани се и дополнителни активности кои не беа предвидени во програмите на стручните активи. И во следната година ќе се продолжи со реализирање на активности кои ќе го подобрат квалитетот на воспитно- образовната работа во училиштето.

Материјално-техничките услови во училиштето во последните години значително се подобрија и тој тренд ќе продолжи. Се уште имавме проблеми со недостигот на учебници по одредени предмети и во гимназиското и во стручно образование.

Задолжителната,изборната, дополнителната и додатната настава се изведува на задоволително ниво.

Училиштето не е во можност до крај да влијае и да ги промени постоечките состојби. Но таму каде може треба до крај да ги исцрпе сите можности. Редовно ќе се поправаат материјално-техничките средства и ќе се одржуваат во работна состојба.

Ќе се прават напори за натамошно подобрување на условите за работа и збогатување со нагледни средства, кои професорите заедно со постоечките ќе прават напори за поголемо користење.

Контролите за поголема редовност на часовите, ќе се зголемат кај професорите и учениците, иако на тој план има извесен напредок. Навремено ќе се реагира на сите негативни појави за нивно побрзо елиминирање.

За подобрување на квалитетот на наставата потребно е зголемено ангажирање на стручните активи, а особено ангажирањето на секој професор поединечно. Класните раководители дел од класните часови да го искористат за подобрување на воспитанието на учениците.Континуирани и редовно проверување

на знаењето на учениците.

Елиминирање на појава од покачување на оцените без соодветно знаење при крајот на наставната година.Смалување на разликите во критериумите за оценување. Поголема примена и поразновидна активна настава. На класните раководители чии ученици ќе направат најголем број на изостаноци во наредната година ќе им бидат одземени паралелките независно во која година се.

За подобрување на дисциплината, класните раководители ќе обавуваат почести разговори со учениците и нивните родители,ќе ја вклучуваа навреме педагошката служба и ќе предлагаат соодветни педагошки мерки. Елиминирање на калкулациите со изостаноците од страна на класните раководители , со почеста контрола од педагошката служба и Директорот. Поголема мотивираност на учениците за смалување на отсуствата преку примена на интерактивна настава ( нови техники ) кои наставата ја прават повеќе интересна и привлечна за учениците и не е здодевна. Развивање свест кај учениците за поголема одговорност за што ризикот за успехот и неуспехот го сносат самите тие , ако се има во предвид полагањето на матурскиот испит.

Редовно и навремено упатување на учениците на советување кај педагогот и Директорот. Педагошката служба редовно ќе повикува проблематични ученици и ученици од кои може да се очекуваат испади за да ги посоветуваат. Класните раководители при регулирањето на изостаноците да го напуштат оправдувањето на истите само врз основа на родителот,туку да применуваат комбинирана форма и од родителот и од лекар. Поголема строгост и редовност во регулирањето на изостаноците од професори за кои тоа не е карактеристично,зошто праксата покажа дека класниот раководител колку полесно ги оправдува изостаноците,толку повеќе му отсуствуваат учениците.Наставнички совет ќе донесе одлука кои изостаноци од оправданите нема да бидат прикажувани во вкупниот број на изостаноци.

Изрекување педагошки мерки на дежурните ученици кои незнаат кој скршил, а се случило за време на нивното дежурство.

Почитување на паузите за доручек од сите вработени,посебно помошниот персонал и службите.Санкционирање на честото седење на помошниот персонал во работното време.

Најстроги педагошки мерки за тие што го уништуваат цвеќето во холот,пишување по зидовите и клупите,цртање и шарање по вратите во соблекувалните.

Поголемо ангажирање на дежурните ученици и помошниот персонал за одржување на ред во пристапот во училиштето.

Учениците да се оспособат преку проектни активности да изработуваат колку може подобри проекти во функција на изработување на проект за оцена при полагањето на матурскиот испит. Професорите кои ги водат проектните активности максимално да вложат напори за унапредување на работата на проектните активности и тие да не бидат само форма за зголемување на бројот на часовите. Неуспехот на учениците ќе биде и нивна одговорност и нивен неуспех.

## Средно општинско училиште

## “Методи Митевски - Брицо”– Делчево

Директор:

Дијана Цонева

Изработиле:

**Комисијата за годишен извештај**